# Средно медицинско училиште
# на
# Град Скопје
# "Д-р Панче Караѓозов"



# Годишен извештај за работата на училиштето во учебната 2023/2024

Скопје, Август 2024 година

Содржина

1. Лична карта на училиштето
2. Вовед
3. Организација на работата на училиштето
    3.1. Материјално-техничка подготовка
    3.2.Организација на наставниот процес
    3.3. Реализација на Годишната програма за работа
    3.4.Извештај за успехот и редовноста на учениците
    3.5.Извештај за државна матура и завршен испит
    3.6.Летопис
4. Реализација на наставата
5. Вонnаставни активности реализирани во учебната година
6. Работа на управните и стручните органи и тела
    6.1. Училишен одбор
    6.2. Совет на родители
    6.3. Наставнички совет на училиштето
    6.4. Менаџерски тим на училиштето
    6.5.Ученичка Училишна заедница
    6.6. Стручни активи
7. Екскурзии
8. Соработка со родители
9. Извори на финансирање
10. Соработка со медиуми

1. **Лична карта**

**1.1.Општи податоци за училиштето**

# СРЕДНО МЕДИЦИНСКО УЧИЛИШТЕ НА ГРАД СКОПЈЕ "Д-Р ПАНЧЕ КАРАЃОЗОВ"

***Scientia est potentia***
***Valetudo bonum optimum***

***Знаењето е моќ***
***Здравјето  е најголемо богатство***

**Адреса : ул. „50  Дивизија 2а“**
**Телефон : 3-120-187**
**E-mail: info@med.edu.mk**

**Хирмин Дураку**
**/ в.д.Директор /**

# 2. Вовед

## 2.1 Развојни етапи и карактеристики

Средното медицинско училиште на Град Скопје  одбележува постоење повеќе од седум децении. Поминувајќи низ повеќе фази и етапи, училиштето е едно од најреномираните во Република Македонија.




СМУГС „Д-р Панче Караѓозов“ е модерно училиште со современи наставни планови и програми во кое наставата се одвива на два наставни јазика: македонски и албански. Училиштето  врши четиригодишна стручна едукација на кадри од областа на здравството преку оспособување за следните образовни профили од четиригодишно стручно образование: медицинска сестра, забен техничар, фармацевтски лабораториски техничар, медицински лабораториски техничар, физиотерапевтски техничар, гинеколошко-акушерска сестра.

Во непосредна близина на Училиштето работи и Ученичкиот дом за сместување на учениците од внатрешноста на Републиката кои што се школуваат во нашето училиште.

Местоположбата на училиштето, во центарот на градот, во непосредна близина на повеќе здравствени институции, е од големо значење за успешно и квалитетно одвивање на практичната настава и на феријалната пракса и соработка .



## 2.2. Препознатливост- во наставната, во проектната и поширокатa стручна дејност

Стекнатото искуство низ многу години успешна работа на училиштето, претставува основа за градење на далекусежна визија за продуцирање на квалитетни и перспективни кадри.

Во перспектива, со севкупниот потенцијал кој го поседува, нашето училиште се заложува за проширување на понудата на едукативни модули за стручна подготовка за кадри од здравствена струка.

Во збогатувањето на содржините и активностите на Училиштето, посебно место има соработката со Секторот за јавни дејности и Секторот за образование на Град Скопје. Особено е значајна традиционалната соработка со Здруженија на Медицински сестри, Забни техничари кои активно ги вклучуваат како нашиот кадар, така и учениците во своите секции, конференции, Годишни собранија и Конгреси.

Училиштето по низата награди и признанија, два пати е добитник на престижната 13 Ноемвриска награда на Град Скопје, со што ја потврдува заложбата за постигнување високи резултати во воспитно-образовна дејност.




### В и з и ј а

*Ако „Знаењето е моќ, а здравјето најголемо богатство", нашето Училиште се стреми кон реализирање на најсовремените стандарди за едукација на учениците и нивен развој во компетентни личности, подготвени да се соочат со предизвиците на современата технологија, барањата на пазарот на трудот, како и јакнење на граѓанската партиципација во духот на мултиетничката интеграција*

## М и с и ј а

*СМУ на Град Скопје "Д- р Панче Караѓозов" врши четиригодишна средно стручна едукација на кадри од областа на здравството , преку оспособување за стекнување на знаења од општообразовни и стручни наставни предмети, како и примена на стекнатите практични умеења и вештини во професионалната работа и натамошното образование. Како училиштето во кое се негува мултиетничкото почитување, им овозможува на учениците оптимален индивидуален развој, почитување на граѓанските права и обврски, толерантност и меѓусебно разбирање.*




Водејќи се по максимата „Знаењето е моќ, а здравјето најголемо богатство", нашето Училиште се стреми кон реализирање на најсовремените стандарди за едукација на учениците и нивен развој во компетентни личности, подготвени да се соочат со предизвиците на новото време и барањата на пазарот на трудот. Тоа и понатаму ќе биде активен субјект во текот на наставниот процес и место каде што ученикот сака да дојде, а не место каде што мора да биде.

## 3. Организација на работата на училиштето




### 3.1. Материјално- техничка подготовка

Од презентираната состојба се согледува дека се преземени низа мерки и активности за обезбедување на услови за одвивање на наставата, согласно со тенденциите за осовременување на образовната технологија. Во рамките на финансиски средства обезбедени од Буџетот на Град Скопје, како и средствата стекнати по основ на сопствени приходи на училиштето, спроведени се постапки за набавка на стоки, услуги и работи во функција на подобрување на материјално-техничките услови за работа и учење. За просторна подготовка од големо значење е целосното реновирање на училишниот простор, :

- Подовите во училишните холови се целосно обновени со поставување на епоксидна подлога кои се антибактериски и лесни за одржување, а исто така набавена е и опрема за машинско чистење на истите;
- Целосно се обновени училниците (подови, врати, прозори со вариолајт завеси, ново осветлување, училишен мебел, клима уреди и уреди за прочистување на воздухот);
- Направена дезинфекција, дезинсекција и дератизација на објектот;
- Со цел полесно движење и ориентација на учениците и вработените сите простории се нумерирани и обележани со соодветни сигнални плочки.
- Опремена и реновирана е просторијата за прием на родители
- Наставничката канцеларија е комплетно реновирана, опремена со интерактивна табла и компјутери. Околу неа е поставена урбана опрема со цел да се обезбеди место за квалитетен одмор помеѓу часовите.
- Училишниот двор е уреден со павер елементи, трева и дрва, дополнет со урбана опрема, корпи за џебен отпад а поставени се пристапни рампи и истиот е поврзан со пристапни патеки од страната кон клиничкиот центар со што е директно поврзан со булеварот.
- Направена е реконструкција на жардинера во влезниот хол, која долго време беше нефункционална, со што просторот е збогатен со повеќенаменско "КАТЧЕ" тој си е

наречен АТРИУМ а истиот преставува мултифункционален простор за секакви наставни и вonнаставни активности

- Кабинетите и лабораториите се комплетно реновирани и опремени со соодветна апартура за стручна настава
- Направена е комплетна рехабилитација на спортското игралиште со под отпорен на удари/повреди, обележан и опремен по европски стандарди со комплетно осветлување (надворешни рефлектори)
- Адаптирана е училишна читална со библиотека која се користи за наставни и воннаставни активности ( проекции, проекти, истражувања и сл.) со капацитет од над 60 лица.
- Пристапот на главниот паркинг е регулиран со автоматски рампи со кодирани картички за пристап, а дополнително се направени уште два помали паркинзи со цел решавање на долгогодишниот проблем преку регулирање и зголемување на бројот на паркинг места на барање на вработените.
- Обновено е и поставено ЛЕД штедливо осветлување внатрешно и надворешно во целиот објект (училници, холови, канцеларии и заеднички простории, дворното место и на фасадата на објектот.) А дел од електричната инсталација е комплетно заменет.
- Набавени се интерактивни табли за кои е во тек спроведување на обука за сите вработени со цел активно користење на ИКТ во редовната настава;
- Набавен е софтвер за симулација и 3Д приказ на органите и анатомските системи;
- Набавена е стручна литература и нагледни средства за општообразовните и стручните предмети.
- Набавени се мултифункционални професионални принтери со цел извршување на административните задачи без да се предизвикуваат дополнителни трошоци за професорите.
- Набавена е комплетна ХТЗ опрема за целата техничката служба;
- Поставен е систем на видео надзор за превенирање на несакани ситуации а со цел зголемено почитување на куќниот ред и училишните протоколи.
- Извршена набавка на потрошен материјал, опрема и нагледни средства во функција на унапредување и осовременување на наставата
- Училишниот простор целосно е варосан.
- Оваа учебна година започна комплетното реновирање на спортската сала



## 3.2. Организација на наставниот процес

Наставата во учебната 2023/24 година започна на 1.09.2023 година, согласно Календарот за оваа учебна година. Наствавниот процес се реализираше континуирано според Програмата за организација на работата на Училиштето.

Зимскиот распуст започна на 30.12.2023 година и траеше до 19.01.2024 година, второто полугодие започна на 22.01.2024 година. Оваа учебна година имаше пролетен одмор од 29 април до 6 мај. Праdi одржување на претседателски и парламенатрни избори, 24 април и 8 мај беа неработни денови, а часовите беа надоместени во текот на месец мај и јуни, со што целосно е реализирана наставната програма. Учебната година за учениците од четврта година заврши на 17 мај, а за учениците од другите години на 10 јуни.

Планирањето на наставата се реализира преку годишен глобален план и писмена подготовка за обработка на секоја наставна тема, како и писмена подготовка за секоја наставна единица, односно, според реформираната-модуларна програма, тематските (модуларни) и планирања за час се изготвени според новиот образец од Насоките за планирање на воспитно-образовната работа по стручните предмети во стручните училишта, од Центарот за стручно образование и обука.

Дополнителната и додатната настава е вградена во тематските планирања на наставниците и се реализира според планирањата, за што има евиденција во електорнските дневници за работа на паралелките.

Додатната настава се реализира со ученици кои покажуваат особен интерес кон одредена област или се подготвуваат за учество на манифестации со кои се афирмира Училиштето. И за овој вид настава се води евиденицијa во електронскиот Днавник на паралелката.

За реализација на Државна матура и Завршен испит во учебната 2023/24 година Училишната матурска комисија изврши подготовки за пријавување на испитите и полагање на проектните задачи. При тоа беше изработена презентација за сите ученици и нивните родители, од македонски и албански наставен јазик, со нагласување на измените кои се однесуваат на стручните предмети. Имено, од минатата година, изборниот дел од матурскиот испит се реализира врз основа на пакети од стручни предмети. Сите информации се објавени на сајтот на Државниот испитен центар www.maura.gov.mk .

Почнувајќи од учебната 2021-2022, за првпат во државата во средното медицинско училиште се реализира дуална образование, со наставна програма за ново занимање – фармацевтски техничар во фармацевтска индустрија. На иницијатива на средното медицинско училиште „Др. Панче Караѓозов“ и на Алкалоид АД изготвена е наставна програма која е верификувана и одобрена од МОН, адаптирана на потребите на секторот на фармацевтската индустрија. Оваа наставна програма е специјално креирана за ученици од 3-та и 4-та година од

секторот здравство и здравствена заштита во средното стручно образование. По големиот интерес на пријавени ученици, дел беа селектирани за да отпочнат со следење на наставата во новоформираната парцијално-дуална паралелка. Наставата се одвива во просториите на училиштето и во компанијата Алкалоид АД од страна на стручни наставници и сертифицирани ментори. Учениците во практичниот дел од наставата се директно вклучени во работниот процес на компанијата со што ќе се стекнат со потребните знаења и вештини што ги прави конкурентни на пазарот на трудот со можност за вработување веднаш по завршувањето на средното образование. Компанијата обезбеди заштитна опрема, систематски прегледи, топол оброк и месечни стипендии од 3.000 денари за секој од овие ученици во текот на нивното школување.

Целта на оваа програма е целисходно остручување на младите кадри за потреби на компаниите и зголемување на вредноста на стручното образование.

Кадровските потенцијали кои го реализираат воспитно-образовниот процес и програмски планираната дејност во нашето училиште, ги сочинуваат : директор, помошници директор, претседатели на стручни активи, психолози, педагог, наставници по општо образовни предмети, наставници по стручните предмети - лекари и стоматолози - специјалисти од различни области, фармацевти, стручни наставници, дипломирани медицински сестри, библиотекар и лаборанти.

## 3.3. Реализација на Годишната програма за работа

Анализирајќи ја работата на Средното Медицинско Училиште на Град Скопје “Д-р Панче Караѓозов” во учебната 2023/2024 година, може да констатираме дека начелата зацртани со Годишната програма за работа се целосно реализирани

Годишната програма за воспитно-образовна работа на СМУГС “Д-р Панче Караѓозов“ - Скопје е изготвена врз основа на анализата на состојбата во остварувањето на воспитно-образовната дејност, како и програмските обврски содржани во наставните планови и програми за средно образование.

При подготвувањето на Програмата земени се предвид предлозите, мислењата и заклучоците што се усвоени од стручните органи за воспитно-образовната работа на Училиштето, а особено при утврдувањето на конкретните обврски и задачи преку неколку суштински определби:

- целокупната воспитно-образовна дејност на Училиштето да се сфати во функција за подобрување на успехот по сите наставни предмети;

- да се постигне висок степен на педагошко следење, раководење и насочување на сите подрачја од воспитно-образовната дејност, како и поконкретно педагошко ангажирање на целокупниот восптно-образовен кадар во Училиштето;

- особено внимание да се посвети на вонннаставните активности преку кои се

нагласија приоритетите за : мултиетничка интеграција во образованието, еколошката акција на младите, вештини за вработување, намалување на насилството и унапредување на безбедноста во училиштата, отсуство на дискриминација, меѓународна соработка, хуманитарни акции, акции за крводарителство.

Во текот на учебната 2023-2024 година се организираа трибини, работилници и други воннаставни активности на кои учествуваат ученици од различна јазична, национална и верска припадност, со што акцентот се става на развивањето на толеранцијата, почитување на сопствената и културата и традицијата на другите и соживотот.

Учениците од четврта година беа вакцинирани според календарот за здравствено работење на ЈЗО, во присусутво на класните раководители. Овие активности се секоја учебна година се спроведуваат во Здравствен дом на Скопје-поликлиника Бит пазар.







## 3.4. Извештај за успехот и редовноста на учениците

Следењето и вреднувањето на постигањата на учениците се остварува според Правилникот за начинот на следење, проверување и оценување, полагање на испити и напредување на учениците во средното образование (,,Сл.весник на РМ,, бр.39/02). Според Одредбите на Правилникот знаењата и вештините на учениците по одделни предмети се оценуваат во согласност со целите и задачите утврдени со наставната програма. Современата концепција суштината на оценувањето ја согледува во контекст на евалуацијата на целокупниот воспитно-образовен процес: нивото на усвоени на содржини, нивото на стекнати вештини и примена на знаења, нивото на развиеност на мисловните процеси и формирањето на општи ставови.

Со оглед на фактот дека нашето училиште е стручно, застапени се и предмети со практична настава, следењето се врши и преку практично проверување низ одредени вештини преку изведба на конкретни манипулации од учениците, беше реализирана со повеќе форми на демонстација, како и преку видео материјали и платформи за споделување материјали.

На Советите на паралелки по класификациони периоди редовно се врши разгледување и анализирање на успехот, редовноста и поведението на учениците, се собираат податоци за следење на континуираноста на оценувањето, дидактичката разновидност на формите, методите и средствата за оценување и степенот на разработеноста на критериумите за оценување и се предлагаат мерки за развој и унапредување на наставниот процес во функција на подобрување на успехот.

Во рамки на состаноците на стручните активи се дискутира во врска со споделени добри практики за реализација на наставата, особено со имплементација на новите реформирани програми.

Во однос на постигнатиот успех во учебната 2023/2024 година СМУГС ,,Д-р Панче Караѓозов,, Скопје го посетуваа вкупно 2414 ученици: во прва година 619, втора607, трета 607 ученици и четврта година 581 ученика. Од нив на македонски наставен јазик четиригодишно образование се 1493 во 47 паралелки , а на албански наставен јазик четиригодишно образование се 921 ученика во 27 паралелки.

| Година | **Број на паралелки** | | |
|---|---|---|---|
| Наставен јазик | Мак | алб | вкупно |
| Прва | 12 | 7 | 19 |
| Втора | 12 | 7 | 19 |
| Трета | 12 | 7 | 19 |
| Четврта | 11 | 6 | 17 |
| Вкупно | **47** | **27** | **74** |

На крајот на второто полугодие постигнати се следните резултати: со позитивен успех се 2343 (97%), мало зголемување во споредба со минатата година 2245 (96%); од кои со одличен успех се 1311 (54%), а минатата година беа 1338 (57 %) ; со мн.добар успех се 647 (27%), минатата година 592 (25%); со добар успех 370 (15%), минатата година 310 (13 %) и со доволен 15 (1%), минатата година 5 (0,7 %) ученика.

Средниот успех на ниво на училиште изнесува 4,2, што е намалување во споредба со минатите учебни години (4,45, 4,27 и 4,41).

Во тригодишното образование, ученици со позитивен успех на крајот на второто полугодие се 21 ученици или 91% од учениците, што е намалување во споредба со минатата учебна година кога беше 98 %.

**Паределки со**

**највисок среден успех**

| 2023-2024 | Вк | ж | сред усп |
|---|---|---|---|
| IV 3 мс | 35 | 33 | 4.84 |
| III 1 зт | 30 | 20 | 4.71 |
| II 6 мс | 35 | 25 | 4.7 |
| IV 3 зт | 38 | 28 | 4.67 |
| III 2 мс | 33 | 27 | 4.66 |
| IV 2 зт | 31 | 23 | 4.6 |
| III 1 мс | 33 | 28 | 4.59 |
| II 1 гак | 35 | 33 | 4.58 |
| I 4 мс | 32 | 28 | 4.52 |
| IV 1 зт | 32 | 19 | 4.52 |
| II 8 мс | 34 | 25 | 4.51 |
| I 3 фт | 35 | 31 | 4.5 |
| III 6 мс | 34 | 28 | 4.5 |
| III 7 мс | 34 | 26 | 4.5 |
| IV 2 фт | 31 | 22 | 4.5 |

**најнизок среден успех**

| 2023-2024 | Вк | ж | сред усп |
|---|---|---|---|
| II 1 фзт | 33 | 14 | 3.29 |
| II 1 млт | 31 | 16 | 3.67 |
| II 1 мс | 32 | 27 | 3.77 |
| II 1 фт | 27 | 22 | 3.77 |
| II 5 мс | 34 | 31 | 3.78 |
| II 2 фт | 30 | 25 | 3.8 |
| III 2 млт | 27 | 20 | 3.88 |
| II 2 фзт | 34 | 18 | 3.89 |
| II 3 зт | 34 | 19 | 3.89 |
| II 3 мс | 32 | 27 | 3.9 |
| I 2 фзт | 32 | 23 | 3.95 |
| II 2 млт | 28 | 16 | 3.96 |
| III 1 фзт | 29 | 17 | 3.97 |
| II 1 зт | 28 | 18 | 3.98 |

Најдобар успех е постигнат во четврта година 4,32, каде со позитивен успех се 99% од учениците. Во прва година средниот успех изнесува 4,22 (минатата беше 4,29); во втора 3.99 (минатата беше 4,06) и во трета е 4,26 (минатата беше 4,30). Бројот на ученици со позитивен успех во прва година е 606 (98%) , во споредба со минатата година е зголемување, кога беше 552 (92%), во втора 563 (93%), а минатата година беше 590 (97%), во трета 599 (99%) , минатата година кога беше 565 (97%) . Одличен успех оваа учебна година има најмногу во трета и четврта година каде во трета година се 59%, а во четврта година 61% од учениците го покажуваат овој успех, но и во прва и втора година околку 50% ученици се со одличен успех.

Бројот на ученици упатени на полагање испит на година или поправни испити е 63, за разлика од минатат година кога беа 48 ученици , додека нема ученици кои ја повторуваат годината со три и повеќе слаби оцени

## Општ успех на Училиште 2023-24 година







Во однос на редовноста на учениците, може да се нагласи дека оваа учебна година има  45 во пресек регистрирани изостаноци, речеси изедначено со  минатата година кога беа 44,8.  Најголем број на изостаноци се регистрирани во втора и трета  година (48,5 и 48.8 во просек), а најмалку во прва година (36,54 во просек), а во четврта година  се 46.8 во просек. На ниво на училиште  просечната вредност е 43,45 оправдани, а 1,64 неоправдани изостаноци, а минатата година таа вредност беше 42,9 изостаноци во просек и неоправдани 1,84 .

Прегледот за изостаноци е следниот:

| | број на изостаноци | просек |
|---|---|---|
| Оправдани | 104884 | 43,45 |
| Неправдани | 3971 | 1,64 |
| Вкупно | 108855 | 45,09 |

Средно медицинско училиште на Град Скопје „Д-р Панче Караѓозов“

Извештај за ВТОРО полугодие учебна 2023-24 година

| | Мед сес I | Заб тех I | Фар тех I | Мед лаб I | Физ тер I | ГАК | I | % | Мед сес II | Заб тех II | Фар тех II | Мед лаб II | Физ тер II | ГАК | II | % | Мед сес III | Заб тех III | Фар тех III | Мед лаб III | Физ тер III | ГАК | III | % | Мед сес IV | Заб тех IV | Фар тех IV | Мед лаб IV | Физ тер IV | IV | % | ВК Училиш | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Бр на ученици** | **265** | **90** | **101** | **63** | **66** | **34** | **619** | | **268** | **89** | **89** | **59** | **67** | **35** | **607** | | **270** | **89** | **95** | **60** | **60** | **33** | **607** | | **245** | **101** | **99** | **68** | **68** | **581** | | **2414** | |
| **Ученички** | **212** | **55** | **84** | **46** | **38** | **30** | **465** | | **220** | **54** | **73** | **32** | **32** | **33** | **444** | | **222** | **52** | **70** | **42** | **37** | **32** | **455** | | **207** | **70** | **76** | **56** | **32** | **441** | | **1805** | |
| одлични | 148 | 46 | 65 | 31 | 20 | 14 | **324** | 52% | 144 | 29 | 41 | 18 | 23 | 21 | **276** | 45% | 177 | 52 | 50 | 28 | 33 | 16 | **356** | 59% | **172** | **72** | **48** | **38** | **25** | **355** | 61% | **1311** | **54%** |
| мн доб | 74 | 27 | 24 | 21 | 34 | 17 | **197** | 32% | 57 | 33 | 18 | 19 | 10 | 11 | **148** | 24% | 63 | 32 | 26 | 12 | 11 | 10 | **154** | 25% | **47** | **27** | **27** | **21** | **26** | **148** | 25% | **647** | **27%** |
| добро | 34 | 16 | 9 | 7 | 12 | 3 | **81** | 13% | 42 | 21 | 20 | 15 | 29 | 3 | **130** | 21% | 27 | 5 | 17 | 20 | 14 | 7 | **90** | 15% | **22** | **2** | **24** | **8** | **16** | **72** | 12% | **373** | **15%** |
| доволни | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | **2** | 0% | 2 | 2 | 4 | 0 | 1 | 0 | **9** | 1% | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | **2** | 0% | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | 0% | **13** | **1%** |
| **ВК поз усп** | **256** | **89** | **98** | **61** | **66** | **34** | **604** | **98%** | **245** | **85** | **83** | **52** | **63** | **35** | **563** | **93%** | **267** | **89** | **93** | **60** | **60** | **33** | **602** | **99%** | **241** | **101** | **99** | **67** | **67** | **575** | **99%** | **2344** | **97%** |
| со 1 сл | 8 | 1 | 2 | 1 | 0 | 0 | **12** | 2% | 19 | 2 | 5 | 7 | 2 | 0 | **35** | 6% | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | 0% | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | **2** | 0% | **49** | **2%** |
| со 2 сл | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | **2** | 0% | 3 | 1 | 1 | 0 | 2 | 0 | **7** | 1% | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **2** | 0% | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | **2** | 0% | **13** | **1%** |
| Повт. | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | 0% | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | 0% | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | 0% | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | 0% | **0** | **0%** |
| **Вк уч со слаби** | **9** | **1** | **2** | **2** | **0** | **0** | **14** | **2%** | **22** | **3** | **6** | **7** | **4** | **0** | **42** | **7%** | **2** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **2** | **0%** | **3** | **0** | **0** | **1** | **0** | **4** | **1%** | **62** | **3%** |
| неоц. | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | **1** | **0%** | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | **2** | **0%** | 1 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | **3** | **0%** | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | **2** | **0%** | **8** | **0%** |
| **СРЕДЕН УСПЕХ** | **4.3125** | **4.25** | **4.41** | **4.18** | **4** | **4.2** | **4.225** | | **4.148** | **3.97** | **3.89** | **3.82** | **3.59** | **4.58** | **3.9982** | | **4.431** | **4.46** | **4.24** | **4.07** | **4.1** | **4.26** | **4.26** | | **4.459** | **4.6** | **4.29** | **4.32** | **4.19** | **4.372** | | **4.2139549** | |
| опр. из | 8921 | 2809 | 3455 | 2770 | 2852 | 964 | **21771** | **35.17** | 13297 | 4069 | 3795 | 2563 | 3925 | 747 | **28396** | **46.8** | 12460 | 4282 | 4222 | 3036 | 3356 | 1052 | **28408** | **46.8** | 10777 | 4145 | 2511 | 4281 | 4595 | **26309** | **45.3** | **104884** | **43.45** |
| неоп из | 403 | 227 | 45 | 74 | 90 | 8 | **847** | **1.368** | 311 | 162 | 227 | 124 | 167 | 34 | **1025** | **1.69** | 557 | 231 | 132 | 77 | 149 | 56 | **1202** | **1.98** | 402 | 138 | 93 | 66 | 198 | **897** | **1.54** | **3971** | **1.64** |
| **ВК из** | **9324** | **3036** | **3500** | **2844** | **2942** | **972** | **22618** | **36.54** | **13608** | **4231** | **4022** | **2687** | **4092** | **781** | **29421** | **48.5** | **13017** | **4513** | **4354** | **3113** | **3505** | **1108** | **29610** | **48.8** | **11179** | **4283** | **2604** | **4347** | **4793** | **27206** | **46.8** | **108855** | **45.09** |
| пример | 265 | 85 | 101 | 62 | 66 | 34 | **613** | **99%** | 264 | 89 | 84 | 59 | 62 | 35 | **593** | **98%** | 270 | 86 | 94 | 60 | 56 | 33 | **599** | **99%** | 238 | 99 | 99 | 66 | 65 | **567** | **98%** | **2372** | **98%** |
| добро | 0 | 3 | 0 | 1 | 0 | 0 | **4** | **1%** | 4 | 0 | 5 | 0 | 3 | 0 | **12** | **2%** | 0 | 3 | 1 | 0 | 2 | 0 | **6** | **1%** | 3 | 2 | 0 | 2 | 3 | **10** | **2%** | **32** | **1%** |
| незадов | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | **2** | **0%** | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | **2** | **0%** | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | **2** | **0%** | 4 | 0 | 0 | | 0 | **4** | **1%** | **10** | **0%** |

**Со графикон, податоците за оштиот успех по години се прикажи низ следниот преглед:**













**СРЕДЕН УСПЕХ ПО ГОДИНИ**
**2023/2024**
2022 -2023 / 2021-2022

| | |
|---|---|
| Прва година | 4,22<br>4,16 /4.15 /4,4, (минати години) |
| Втора година | 3,99<br>4,06 / 4.0 /4,29 (минати години |
| Трета година | 4,26<br>4,3 / 4.36 / 4,51 (минати години) |
| Четврта година | 4,19<br>4,47 / 4.55 / 4,4 (минати години |
| **Општ среден успех** | 4,21<br>4,24 / 4.27 / 4,4 (минати години) |

**СРЕДЕН УСПЕХ ПО ОТСЕЦИ**
**2023/2024**
2022 -2023 / 2021-2022

| | |
|---|---|
| МЕДИЦИНСКИ СЕСТРИ | 4,33<br>4,44 / 4,6 / 4,71 (минати год) |
| ЗАБНИ ТЕХНИЧАРИ | 4,32<br>4,32 / 4,33/4,43 (минати год) |
| ФАРМАЦЕВТСКИ ТЕХНИЧАРИ | 4,2<br>4,17 / 4,06 / 4,23 (минати год) |
| МЕДИНЦИНСКИ ЛАБОРАТОРИСКО САНИТАРНИ ТЕХНИЧАРИ | 4,09<br>4,12 / 4,2 /4,37 (минати год) |
| ФИЗИОТЕРАПЕВТСКИ ТЕХНИЧАРИ | 3,97<br>4,11 / 4 / 4,28 (минати год) |
| ГИНЕКОЛОШКО АКУШЕРСКИ СЕСТРИ | 4,34<br>4,17 / 4,15 (минати год) |

## Избор на ученик на генерација

Врз основа на доставените апликации на учениците, комисијата го изготви рангирањето според бодовната листа . Ученик на генерација е прогласена ученичката **Елена Муцунска** од IV 2 млст. со 138,75 бода.

| Име и презиме | Клас | Успех од школување и изостаноци | Пофален | Претседател на клас | Претседател на УУЗ на годината | Претседател на УУЗ | Вонпаставни активнсоти | Вонучилишни активнсоти | Освоени награди | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ема Мицевска | IV 2 мс | -13,5 | 2 | 0,50 | 0 | 0 | 6,5 | 7 | 2 | **42,7** |
| Ангела Нацева | IV 3 мс | -4,75 | 0,5 | 0,5 | 0 | 0 | 6 | 2 | 35 | **79,25** |
| Јана Антовска | IV 4 мс | -3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 25 | **66** |
| Елена Муратовска | IV 2 млст | -11,25 | 1 | 0 | 0 | 0 | 21 | 0 | 88 | **138,75** |
| Ана Ѓонеска | IV 4 мс | -7,75 | 1 | 2 | 2 | 2 | 19 | 7 | 22 | **87,25** |

Од постигнатиот успех раководните органи, стручните активи и советите на паралеките се задоволни, иако се смета дека сите заедно мора да настојуваме за поголема објективност во оценувањето, постигнување на квалитетни и трајни знаења, кои секако би се потврдриле во идниот педиод. Тенденција секако преставува стимулирање на редовно и континуирано ангажирање во текот на целата учебна година, со напомена дека треба и натаму да се работи интензивно на подобрувањето на редовноста на учениците.

Во насока на подобрување на воспитно-образовната работа интензивирана е соработката со родителите и старателите на учениците, одржани се предвидените родителски средби.

Стручната служба при СМУГС д-р.„,Панче Караѓозов“ согласно измените и дополнувањата на Законот за средно образование, по првото тромесечие и на почетокот на второто полугодие, реализираше групни советувања на родители по основ на намален успех во учењето со 3 и повеќе слаби оцени и повеќе од 10 неоправдани изостаноци. Според планот беа формирани две групи на родители и тоа на мултиетничка основа со што ефектот од советувањето беше подобрен уште повеќе од аспект на тоа што родителите меѓусебе се запознаваа, ги споделуваа потешкотиите и проблемите, а воедно разменуваа идеи и сугестии како да им се помогне на нивните деца. И во овој период на советување

на родителите, ваквиот начин на работење со истите, се покажа како позитивно искуство, кое резултираше со подобрување на успехот и поведението на учениците во целина и основа за воспоставување потесна соработка со родителите.

## 3.5. Извештај за државна матура, завршен испит

*Јунски испитен рок*

Согласно Календарот на Министерството за образование и наука и динамиката на Државниот испитен центар, на 1 и 8 јуни, 2024 г. се реализираа екстерните испити од државната матура во јунскиот испитен рок во учебната 2023/24 година.

Резултатите од екстерните испити од државна матура се прикажани во табелата подолу:

| предмет | пријавиле | полагале | одличен | многу добар | добар | доволен | Не положиле | Не се јавиле |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Македонски јазик и лит. | 371 | 368 | 29 | 187 | 130 | 19 | 3 | 3 |
| Албански јазик и лит. | 220 | 219 | 27 | 150 | 33 | 5 | 4 | 1 |
| Англиски јазик | 370 (м)<br>223 (а) | 366 (м)<br>220 (а) | 49 (м)<br>7 (а) | 97 (м)<br>54 (а) | 124(м)<br>64 (а) | 62 (м)<br>46 (а) | 34 (м)<br>49 (а) | 4 (м)<br>3 (а) |

**Објаснување на кратенките: (м) – македонски наставен јазик, (а) – албански наставен јазик*

Согласно Календарот на Министерството за образование и наука и динамиката на Државниот испитен центар, во периодот од 18 до 28 јуни, 2024 г. се реализираа интерните испити од државната матура, како и завршниот испит во јунскиот испитен рок во учебната 2023/24 година.

Резултатите од интерните испити од државна матура и завршен испит се прикажани во табелата подолу:

| Предмет/пакет | пријавиле | полагале | одличен | многу добар | добар | доволен | Не положиле | Не се јавиле |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Биологија | 300 (м)<br>220 (а) | 298 (м)<br>217 (а) | 269 (м)<br>198 (а) | 24 (м)<br>19 (а) | 5<br>/ | /<br>/ | /<br>/ | 2 (м)<br>3 (а) |
| Хемија | 60 (м) | 60 | 52 | 5 | 3 | / | / | / |
| Математика | 1 (м) | 1 | / | 1 | / | / | / | / |
| Историја | 6 (м) | 6 | / | 6 | / | / | / | / |
| Физика | 2 (м) | 2 | 2 | / | / | / | / | / |
| Осн. на здр. нега и хир. бол. | 140 (м)<br>58 (а) | 140 (м)<br>58 (а) | 135 (м)<br>52 (а) | 4 (м)<br>5 (а) | 1 (м)<br>1 (а) | /<br>/ | /<br>/ | /<br>/ |
| Кл. хемија и хемат.со трансф | 64 (м) | 64 | 64 | / | / | / | / | / |
| Фарм. хемија и фармакогнозија | 9 (м) | 9 | 9 | / | / | / | / | / |
| Фармацевтска технологија | 13 (м) | 13 | 12 | 1 | / | / | / | / |
| Апт.раб. и фарм. тех. | 33 (м)<br>42 (а) | 33 (м)<br>41 (а) | 23 (м)<br>12 (а) | 7 (м)<br>10 (а) | 3 (м)<br>11 (а) | /<br>8 (а) | / | /<br>1 (а) |
| Инс. анализи и лаб. ана. во фар | 9 (м) | 9 | 6 | 1 | 2 | / | / | / |
| Кл.мед. и рехаб. | 2 (м) | 2 (м) | 2 (м) | / | / | / | / | / |
| Предкл. на тот. и пар. протез. | 50 (м) | 50 (м) | 20 (м) | 29 (м) | 1 (м) | / | / | / |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Коронки и мостови и ком.** | 13 (м)<br>39 (а) | 13 (м)<br>38 (а) | 13 (м)<br>32 (а) | /<br>5 (а) | /<br>1 (а) | / | / | /<br>1 (а) |
| **Физикална тера. и кинезитерап.** | 32 (м)<br>34 (а) | 32 (м)<br>34 (а) | 28 (м)<br>24 (а) | 3 (м)<br>4 (а) | 1 (м)<br>6 (а) | / | / | / |
| **Хирургија со гин. и акушер.** | 3 (м) | 2 (м) | 2 (м) | / | / | / | / | 1 |
| **Интерна, невро. и педијатрија** | 1 (м)<br>58 (а) | 1 (м)<br>57 (а) | 1 (м)<br>50 (а) | /<br>6 (а) | /<br>1 (а) | /<br>/ | / | /<br>1 (а) |
| **Интерна со пед.** | 1 (м) | 1 | / | / | 1 | / | / | / |
| **Микробиолог. и паразитологија** | 4 (м) | 3 | 1 | 2 | / | / | / | 1 |
| **Мобилна протетика** | 1 (м) | 1 | / | / | 1 | / | / | / |

**Објаснување на кратенките: (м) – македонски наставен јазик, (а) – албански наставен јазик*

Сите пријавени кандидати успешно ја одбранија проектната задача.

За завршен испит по предметот Македонски јазик и литература се пријавил 1 кандидат и го положил испитот со одличен успех. За завршен испит по предметот Албански јазик и литература не се пријавил ниту еден кандидат.

<u>*Августовиски испитен рок*</u>

Согласно Календарот на Министерството за образование и наука и динамиката на Државниот испитен центар, екстерните испити од државната матура се реализираа на 12 и 14 август, 2024 година, а интерните и завршниот испит се реализираа во периодот од 15 до 19 август.

Резултатите од екстерните испити од државна матура се прикажани во табелата подолу:

| предмет | пријавиле | полагале | одличен | многу добар | добар | доволен | Не положиле | Не се јавиле |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Македонски јазик и лит.** | 4 | 4 | / | 1 | / | 1 | 2 | / |
| **Албански јазик и лит.** | 3 | 3 | / | / | / | 1 | 2 | / |
| **Англиски јазик** | 32 (м)<br>47 (а) | 32 (м)<br>46 (а) | 1 (м)<br>1 (а) | 5 (м)<br>2 (а) | 12 (м)<br>21 (а) | 9 (м)<br>14 (а) | 5 (м)<br>8 (а) | /<br>1 (а) |

**Објаснување на кратенките: (м) – македонски наставен јазик, (а) – албански наставен јазик*

*Забелешка: Заради потребата од навремено изготвување на Годишниот извештај за работата на училиштето за учебната 2023/2024 година во чиј склоп влегува и овој извештај, во резултатите прикажани во табелата погоре не се вклучени евентуални измени по поднесени приговори на кандидатите кои официјално ќе се објават на 27.08.2024 г.*

Резултатите од интерните испити од државна матура и завршен испит се прикажани во табелата подолу:

| предмет | пријавиле | полагале | одличен | многу добар | добар | доволен | Не положиле | Не се јавиле |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Биологија** | 1 (м)<br>1 (а) | 1 (м)<br>1 (а) | 1 (м)<br>/ | /<br>1 (а) | / | / | / | / |
| **Кл. хемија и хемат.со трансф** | 1 (м) | 1 (м) | 1 (м) | / | / | / | / | / |
| **Осн. на здр. нега и хир. бол.** | 2 (м)<br>3 (а) | 1 (м)<br>3 (а) | /<br>3 (а) | 1 (м)<br>/ | /<br>/ | /<br>/ | /<br>/ | 1 (м)<br>/ |
| **Интерна, невро. и педијатрија** | 3 (а) | / | 1 (а) | 1 (а) | / | 1 (а) | / | / |
| **Коронки и мостови и ком.** | 1 (а) | 1 (а) | / | 1 (а) | / | / | / | / |

*Објаснување на кратенките: (м) – македонски наставен јазик, (а) – албански наставен јазик*

За завршен испит по предметот Албански јазик и литература се пријавил 1 кандидат и го положил испитот со многу добар успех.

## 3.6. Летопис

Со цел да се даде преглед на активностите кои покрај редовната настава се реализираа во текот на учебната година, активностите се презентирани во извештаите на стручните активи, како и во следниот:

**Преглед на активности се реализирани во текот на учебната 2023/2024 година**

| Активност | Носител на активнста | Место | Дата |
|---|---|---|---|
| Обука на тема: Вреднување на постигањата и оценивање на резултатите од учење“ Гранит | СМУГС „Д-р Панче Караѓозов“ | Охрид Хотел Гранит | 1 и 3,09,2023 |
| Презентација на Еразмус проектот „Векторско влијание на комарецот“ | Виолета Јовевеска | Училиште | 19,09,2023 |
| Работилница – фокус група со ученици во врска со Студијата на СЗО за ставовите на младите за здравјето | | Училиште | 20,09,2023 |
| Работилница во рамки на проектот „Со Велнес и спа до подобро здравје“ со партнер училиште СУГС „Лазар танев“ | Тимот за МИО | Хотел Александра Палас | 21,09,2023 |
| Презентирање на активностите на Младински образовен форум | МОФ | Училиште | 22,09,2023 |
| Учество на републички натпревар во прва помош, Црвен крст на РСМ, освоено 4 место од 32 екипи | Нина Кнаггс | Велес | 23,09,2023 |
| Хуманитарен концерт од училишен бенд, на нивна иницијатива, организиација и реализација | Лидија Пшенко | Плато пред филхармони ја | 14,10,2023 |
| Обука во рамки на проектот насловен како МЕНТОРИРАЊЕ ВО УЧИЛИШТАТА во Процес на имплементација на Програмата „Не за Насилството“, за справување и спречување на насилството меѓу учениците во средните училишта на Град Скопје. | Фондацијата “Никола Кљусев“ од Скопје, во соработка и со поддршка на Град Скопје | Простории на Фондацијата | 17,10,2023 |
| Презентација на националните наоди од меѓународната ХБСЦ студија - Однесувања поврзани со здравјето на децата на училишна возраст (11-15 години) во Република Северна Македонија. | Центарот за психосоцијална и кризна акција - Малинска во партнерство со Филозофскиот факултет при Универзитетот Св. Кирил и Методиј и Универзитетот во Тетово | Филозофски факултет во Скопје. | 26 октомври 2023 година |
| Присуство на настан на Здружението за подобро воздухопловство АВИКОН кое го одржа третиот едукативен саем (Скопје ер фер) | Ацо Ѓоргиевски | градски парк на Школка | 28.10.1023 |
| Посета на училиштето Курт Николин Гимназија во Шведска во рамки на програмата Ерасмус | Маја Филиповски Нина Кнаггс | Шведска | 29,10,2023 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Прием на гости од Шведска Курт Николин Гимназија во Шведска во рамки на програмата Ерасмус | | Училиште | 18,12,2023 |
| Одбележување на Светскиот ден за | Елизабета Сарафимова Зумрета Јакупи | Училиште | 19,02,2024 |
| Учество на хуманотарен настан во организација на град Скопје за финансиска поддршка за лекување на Леонид | Билјана Стефановска Мерадије Фејзулаху | СУГС „Ѓорши Димитров“ | 23,02,2024 |
| Учество на меѓународен симпозиум на тема „Образованието и медиумската писменсот во време на вештачка интелигенцијаво рамки на проект на Институтот за комуникациски студии и УСАИД | Емилија Бошковска Живадиновиќ Илми Ковачи Валентина Дамчевска | во хотел Лимак | 29,02,2024 |
| Учество на панел дискусија, организирана од Секторот за образование , по повод одбележување на глобалниот Ден на нулта дискриминација. Со настанот беше одбележан 1 март - Денот на нулта дискриминација | група од десет ученици | Средното училиште на Град Скопје „Јосип Броз Тито“ | 1,03,2024 |
| Институтот за јавно здравје на РСМ го спроведе ЕСПАД истражувањето за ученици од средните училишта | Ученици од прва година | Училиште | 11,03,2024 |
| Обука на тема Дигитални вештини кај наставниците во функција на наставата (при следење на учениците, во решавање проблемски ситуации, во истражувачки активности и слично). Обуката е акредитирана од страна на Бирото за развој на образованието а ќе биде реализирана од акредитиран провајдер за обуки за наставници 03 Инвест- Скопје | Наставници од стручни предмети | Училиште | 11 и 13 јуни 2024 |

# 4. Реализација на наставата

## 4.1. Редовна настава по сите предмети (теоретска и практична)

Од почетокот на учебната година, наставата се изведуваше по сите наставни предмети кои се предвидени со наставниот план и програма за здравствена струка.

Планирањето на наставата се реализираше преку годишен глобален план и писмена подготовка за обработка на секоја наставна тема, како и писмена подготовка за секоја наставна единица. За предметите според реформираната-модуларна програма, за сите години, годишните, тематските (модуларни) и планирања за час се изготвени според новиот образец од Насоките за планирање на воспитно-образовната работа по стручните предмети во стручните училишта, од Центарот за стручно образование и обука.

Програмата е целосно реализирана по сите наставни предмети, со надоместување на оние часовите за време на кои, имаше прекин на наставата поради дојави за поставени експлозивни направи.

## 4.2. Информатичко комуникациска технологија во наставата

Во тематските планирања предметните наставници имаат предвидено користење на компјутери и информатичко комуникациска технологија, а во училишттео се овозможени техничките услови (интермет, ЛЦД проектори, интерактивни табли).

Често користени извори се и видео клипови од www.youtube.com каде има постирано и видео материјали изготвени од наставниците од нашето училиште кои имаа и соодветна обука за тоа од Microsoft.

Во наставата по математика во прва и втора година меѓудургото се користи апликацијата Geogebra.

Освен тие апликации, наставниците по физика од прва и втора година користат и линкови:
http://physicsweb.org/resources/Education/Interactive_experiments/
http://www.csupomona.edu/~ajm/ip.html1#mech
http://farmakognozija.blogspot.mk/
http://nodejs-farmakognozija.rhcloud.com/
http://www.physiccweb.org/resources/Edukation/Interaktive_
http\\wps.aw.com\aw_joung-physics_11\0,8076,898587-,00.html
http://media.pearsoncmg.com

Во наставата по природни науки се користи порталот https://naukazadeca.mk/,а пак дополнително за хемија наставниците го користат порталот www.hemija.net

Стручните наставници по практична настава во втора, трета и четврта година користат видео материјали изготвени од страна на стручни наставници или во соработка со клиничкиот центар.

По стручните предмети се користат онлајн апликации или едукативни портали од медицинските факултети од земјата и странство, како и портали :
http://www.doktori.mk
http://koval.hr/blogeky/ljekovite%20biljke/brsljan.html
http://www.lekovito.com/od_prirode.html
http://www.theplantlist.org/browse/A/Liliaceae
http://www.scribd.com/doc/58147249/Biljk

## 4.3. Дополнителната и додатната настава

Дополнителната и додатната настава е вградена во тематските планирања на наставниците и воглавно дополнителната настава редовно е изведувана, за што има евиденција во дневниците за работа на паралелките,како и електронскиот дневник. Дополнителната настава е за учениците кои имаат потешкотии во учењето и заостануваат по одделни предмети од разни причини (болест, подолго отсуство).- Регулирано со член 48 од Закон за изменување и дополнување на Законот за средното образование.

Со започнувањето на наставната година секој предметен наставник има изработен распоред за дополнителна настава кој по донесувањето станува составен дел на Годишната програма. Поради тоа во текот на целиот воспитно-образовен процес на учениците им беа овозможени разновидни форми на помош во совладувањето на програмските содржини, прилагодени на нивните специфични способности и можности, низ групна и индивидуална

работа, упатување во суштината на содржината, методите на успешно учење, организирано ангажирање на учениците, разни писмени материјали за самостојна работа и слично.

Истотака, дополнителна настава се реализира и за подготовка на учениците упатени на поправни испити и испити на годината. За таа цел предметните наставници изработуваат програма за работа и распоред за реализација на истата.

За учениците кои во текот на задолжителната настава и низ другите воспитно-образовни активности покажуваа зголемен интерес за определени научни и наставни дисциплини или се подготвуваа за учество на манифестации со кои се афирмира Училиштето, беше организирана додатна настава, според програми што значат проширување и продлабочување на содржините по одделни предмети и подрачја, а придонесуваат за развој на талентот и интересите на ученици.

### 4.4. Изборна настава

Учениците и родителите од втора и трета година, во текот на второто полугодие добиваат информации за изборните предмети според наставниот план и преку анкета се определуваат за избор на еден од понудените предмети

| Наставен профил | Предмети во трета година | Предмети во четврта година | Подрачје |
|---|---|---|---|
| Медицинска сестра | Медицинска етика | Геронтологија со нега | Медицинска етика и геронтогија |
| | Биологија | Биологија | Општообразовен модул |
| | Хемија | Хемија | |
| | Физика | Физика | |
| | Информатика | Бизнис и претприемништво | |
| Забен техничар | Основи на радиологија во дентална медицина | Компјутерски дентален дизајн | Компјутерска технологија и радиологија во функција на дентална медицина |
| | Биологија | Биологија | Општообразовен модул |
| | Хемија | Хемија | |
| | Физика | Физика | |
| | Информатика | Бизнис и претприемништво | |
| Фармацевтски техничар | Козметологија | Фитотерапија | Применета фармација |
| | Хемија | Хемија | Општообразовен модул |
| | Биологија | Биологија | |
| | Математика | Математика | |
| | Информатика | Бизнис и претприемништво | |
| Медицински лабораториско-санитарен техничар | Цитолошки и хистолошки техники | Заразни и незаразни заболувања | Промени во клетка, ткиво и орган при заболувања |
| | Биологија | Биологија | Општообразовен модул |
| | Хемија | Хемија | |
| | Физика | Физика | |
| | Информатика | Бизнис и претприемништво | |
| Физиотерапевтски техничар | Итни медицински состојби | Физикална терапија во козметологија | Ургентни соостојби и применета физикална терапија |
| | Биологија | Биологија | Општообразовен модул |
| | Хемија | Хемија | |
| | Физика | Физика | |
| | Информатика | Бизнис и претприемништво | |
| Гинеколошко акушерска сестра | Патолошка бременост | Неонатолошка нега | Нега во неонатологија и патолошка бременост |
| | Биологија | Биологија | Општообразовен модул |
| | Хемија | Хемија | |
| | Физика | Физика | |
| | Информатика | Бизнис и претприемништво | |

## 5. Вонnаставни активности и реализирани проекти според интересот на учениците и програмите за работа кои се составен дел на училишнатата Годишна програма

Покрај грижата за редовната образовно-воспитна работа, големо внимание е посветено и на воннаставните активности кои беа реализирани со посебен ентузијазам и мотивираност.

Преку партнерски однос и воспоставување линк со повеќе релевантни институции, низа активности успешно се реализираат. При тоа младите се стимулирани активно да партиципираат со свои идејни решенија и учество во повеќе проекти. Посебно како области би ги издвоиле следните:

- Унапредување на безбедноста во училиштето и спречување на училишното насилство (Тим за берзбедност на Училиштето)
- Унапредување на здравјето на учениците и животната средина
- Промоција на ученичките права , слободи и различности (соработка со LEAD), преку УУЗ – Ученичката училишна заедница
- Поттикнување на кариерното советување и информирање на учениците, со реализација на батеријата тестови за професионални интереси БИПО со учениците од трета година
- Акции во соработка со Црвен крст
- Хуманитарни акции
- Проекти за меѓуетничка интеграција
- Учество на МАССУМ во повеќе категории
- Учество на повеќе активности организирани од Europe house Skopje
- Психосоцијална помош на членовите на училишната заедница за справување со разните форми на насилството, а во прв ред со сајбер-насилството кое станува се поактуелно во услови современото живеење и користење на социјалните мрежи
- Едукација и промоција за градење на здрави животни стилови кај младите преку јакнење на свеста кај средношколците и пошироката јавност за личната одговорност во заштитата на сопственото физичко, психичко, сексуално и репродуктивно здравје.
- Истражувања и промоција на родовата рамноправност, ученичките права, слободи и развој на креативноста кај учениците (преки соработка со НВО секторот).
- Организирање манифестации на кои ќе се презентираат училишните постигнувања, ќе се промовираат најдобрите ученици и ќе се претстават резултатите на воспитно-образовната дејност пред пошироката јавност.
- Поддршка на претпроемачкиот дух на учениците во однос на планирање, реализација, промоција и дистрибуција на Училишен весник „Ринкарнација“
- Соработката со локалната заедница се развива преку голем број на активности, како што се вклучување во одбележување на значајни настани, крводарителски акции, проекти со Секторот за јавни дејности, Одделението за образование на Град Скопје. Како позначајни ги издвојуваме:

Поконкретно, Проекти кои се реализираа во координација со Град Скопје се следните:

| Име на здружение | Име на проект | Временска рамка за реализација на проектот |
|---|---|---|
| Фондација Меморијален центар Никола Кљусев - Скопје | Не за насилство | септември-ноември, 2023 |
| Здружение за едукација, еманципација и осигурување на правата на жените „БИДИ ХРАБРА“ - Скопје | Гласно против насилство | мај- ноември, 2023 |
| Здружение за културна мотивација КУЛТИ ВАТОР - Скопје | Со велосипед и тротинет низ Скопје | септември-ноември, 2023 |
| Здружение за заштита и унапредување на животната средина ЕКО ЛОГИК - Скопје | Камп за одржливост Епизода 7. Справување со климатските промени | мај-ноември, 2023 |
| Здрижение за истражување на пазарот на труд во функција на мултиетничката толеранција ПРОФИЦИО - Скопје | Мултисекторска соработка-услов за заштита, спречување и справување со врсничко и сајбер-насилство | 6 месеци |
| Здружение на граѓани за остварување и унапредување човековите права, одржлив локален и рурален развој и прифаќање на културната различност ЕДИНСТВО НА ЗАЕДНИЦИТЕ - Скопје | Дигитална писменост: откривање на нови можности | 3 месеци |

## Преглед на активности кои ја одбележаа учебната 2023-2024 година

### Хуманитарни акции и добротворни настани

Учениците од креативниот клуб и оваа година покажаа исклучитлна посветеност и подготвеност за акција, каде учествуваа ученици од паралелките на македонски и албански јазик, со што се потврдува заложбата за јакнење на меѓуетничката интеграција на младите.




## Хуманитарна акција за подарување Новогодишни пакетчиња и новогодишен концерт

„Среда, среќен ден.Зар има поголема среќа од детска насмевка, а ако ви кажам дека денес измамивме многу детски насмевки, верувам дека ви е јасно за каква среќа зборувам.Среќа која грее, исполнува, зрачи, отвара очи, срца, лекува, со еден збор, среќа која трае.

Нашиот Дедо Мраз, Василј се вика, денеска со својот тим, после напорно спремање раздели пакетчиња на умни дечиња од Детската клиника.Споделивме многу насмевки, прегратки, воздишки и незаборавни моменти, со желби да бидат здрави, среќни и весели.

Заразна е тоа среќа, не те остава мирен додека не ја реализираш, а ако не те допре, тогаш нема да можеш да сонуваш во боја ☺❤

Им благодариме за љубезноста на сите вработени на Детската клиника и им посакуваме да имаат помалку работа во годината што иде, а повеќе здравје и среќни моменти.“

Дедо Мраз и кај нас, попатно, одејќи во посета кај дечињата од детската клиника.Многу се беше натоварил, па побара помош, а ние како и секогаш, подготвени за секоја ситуација. ;) ❤

(зборови од менторот на сите хуманитарни акции, проф. Билјана Стефановска)

Насмевки за сите од СМУГС „Д-р Панче Караѓозов“ SHMMQSH"D-r Pançe Karagjozov"









| | | |
|---|---|---|
|  |  |  |
|  |  |  |
|  |  | |

## Одржан хуманитарен концерт

Учениците од нашето училиште Виктор Ѓорѓиев, Матеј Пешевски, Мелани Пешевска, Леонид Манасиевски и Дина Дучевска, организираат хуманитарен концерт за да се соберат парични средства за ученикот кому му се потребни средства за лекување после тешката повреда на  рбетниот столб, Леонид Индов.



## Хуманитарна театрска претава “Исти“






## Учество на хуманитарна та трка „Подај рака“за лицата со Вилсон vol.8

„И не само  што сме поддршка, оваа година сме и  меѓу победниците со тимот бр.37 на Бењамин Факиќ  од II3 мс.Најголеми борци се тие наши деца,  млади ама полни со човечност, хуманост и упорност ☺🖤“ се зборовите на професорите  Билјана Стефановска и Лидија Пшенко  кои редовно учествуваат на сите хуманитарни настани со ученици












## Хуманитарна акција за Леонид, организирана од Град Скопје, каде со свој штанд учествуваше секое училиште.

Учениците подготвија повеќе рачни изработки со кои го претсавија нашето училиште „Ученици, утре е хуманитарниот базар за Леонид во 12 часот во"Ѓорги Димитров", па добро би било да одиме во поголем број за да покажеме колку  хуманоста е битна за нас. Секое средно училиште ќе има свој штанд, па и ние, за што денес се подготвувме со учениците. Тие што сакаат може да дојдат во 12 часот, кога е и почетокот.Повелете, ве очекуваме ☺🖤“

| | |
|---|---|
|  |  |
|  |  |
|  |  |



....

## Активности на тимот за Црвен крст

Тимот на Црвен крст под менторство на проф. Нина Кнаггс и оваа учебна година реализраше повеќе активности: Акција на крводарителство, Одбележување на месецот на борба против глад во светот со онлајн презентации, учество на натпревар по прва помош, волентерство во вакциналните пунктови и сл. Активностите се вклопуваа и  со хуманитарните акции, како и со акциите од меѓуетничка интеграција.

| Вид на активност | Во организација на | Место | Дата |
|---|---|---|---|
| Одбележување на недела - Грижа за стари лица | Црвен Крст-Центар СМУГС Др. Панче Караѓозов Дом за стари лица Мајка Тереза | Скопје | 15 Ноември |
| Одбележување на денот на борба против СИДА | Црвен Крст-Центар ГОБ 8-ми Септември | Скопје | 1 Декември |
| Обука за прва помош-Првата помош спасува живот | Црвен Крст – Центар Даре Џамбаз | Скопје | 13/14 Декември |
| Доделување на пофалби и благодарници за проект Промоција на хумани вредности | Црвен Крст - Центар | Скопје | 19 Декември |
| Собирна акција за настаданите од катастрофалните земјотреси во Турција и Сирија | Црвен Крст-Центар СМУГС Др. Панче Караѓозов | Скопје | 6/7 Февруари |
| Реализирана работилница на млацинците кои се дел од проектот Промоција на хумани вредности | Црвен крст – Центар Даре Џамбаз | Скопје | 15 Февруари<br>22 Февруари<br>24 Февруари |
| Посета на домот за стари лица | Црвен Крст-Центар СМУГС Др. Панче Караѓозов Дом за стари лица Мајка Тереза | Скопје | 4 Април |
| Ден на здравје и патронен празник на училиштето | Црвен Крст-Центар СМУГС Др. Панче Караѓозов | Скопје | 7 Април |
| Собирна акција за ПХВ проектот | СМУГС “Д-р Панче Караѓозов” | Скопје | 19 Април<br>20 Април |
| Реанимација на децата на одделот за Детска хирургија – Презентација на хумани вредности | СМУГС Др. Панче Караѓозов ЈЗУ Хируршки клиники- Детска Хирургија | Скопје | 3 Мај |
| Собирна акција за ПХВ проектот | СМУГС “Д-р Панче Караѓозов”, Скопска Пивара и Водно | Скопје | 5 Мај |
| Донација на постелнини | СМУГС Др. Панче Караѓозов ЈЗУ Хируршки клиники- Детска Хирургија | Скопје | 10 Мај |
| Општински натпревар по Прва помош | Црвен Крст- Центар | Скопје | 20 Мај |

## Училишно списание Реанимација

На 23.2.2023 беше одржана промоцијата на првиот февруарски број на училишното списание ,,Реанимација" како дел од Новинарскиот клуб по македонски јазик под менторство на професорката Татјана Христовска Качоровска, а редакцијата на списанието продолжи со работа и оваа учебна година

Списанието ги сплотува учениците и е олицетворение дека учениците имаат сила и глас, и дека за секоја идеа е возможна реализација со труд и напорна работа!
Ентузијазмот беше евидентен преку издадените броеви, еден месечно, во печатена форма, како и во електоронска форма на https://issuu.com/reanimacija/docs/

.......................

## Драмска секција

Под менторство на проф. Емилија Милошевска и проф. Павлина Митевска, оваа учебна година изведена минатогодишната претставата „Исти“ со хуманитарем каратктер, а оваа година беше подготвена нова претстава која беше изведена на манифестацијата МАССУМ, каде го освои првото место.

.......................

## Еколошки акции

Во организација на УУЗ, ученичката училишна заедница, беа реализирани акции на чистење на училишниот двор, како и видео обраќање со врсниците за зачувауваење на училишната околина.

## Проекти МИО – меѓуетничка интеграција во на младите

Училиштето изготви Акционен план кој произлегува од Стратегијата на Град Скопје за меѓуетничка интеграција и граѓанска вклученист, со цел унапрадување на меѓуетничката кохезија кај младите и градење на едно општество за сите како еден од стратешките приоритети на нашата држава

1. Заеднички часови по алнглиски јазик во паралелки од прва година. Носители се проф Жана Живадиновиќ и Халид Лита
2. Учество на настани организирани од Град Скопје
3. Хуманитарни акции
4. Учество на МАССУМ
5. Спорт
6. Проекти во рамки на Ученичкиот парламент
7. Работилници и трибини

| **МИО 2023-2024** | **мк -м** | **мк-ж** | **ал -м** | **ал -ж** | |
|---|---|---|---|---|---|
| Партнер училиште Лазар Танев „Со велнес и спа до подобро здравје“ | | | 10 | 10 | 20 |
| Трибина  за врсничко насилство | 1 | 4 | 0 | 2 | 7 |
| Заеднички часови | 9 | 25 | 8 | 27 | 69 |
| Новогодишни честитки | 2 | 15 | 0 | 5 | 22 |
| Скопје низ историјата | 2 | 6 | 2 | 6 | 16 |
| Фокус група за студијата на Унковска | 1 | 4 | 1 | 3 | 9 |
| Уредување на училишниот двор и училиште | 15 | 24 | 12 | 21 | 72 |
| Новинарски спринт | 3 | 12 | 2 | 13 | 30 |
| RYCO Ferizaj Razmena na ucenici | 1 | 1 | 3 | 7 | 12 |
| Спорт | 5 | 15 | 6 | 4 | 30 |
| За Лео | 10 | 24 | 3 | 8 | 45 |
| Одбележување на денот на социјалкна правда | 4 | 12 | 8 | 16 | 40 |
| МАССУМ | 9 | 18 | 7 | 20 | 54 |
| | **62** | **160** | **62** | **142** | 426 |

## Градиме мостови

Веќе од оваа учебна година во нашето училиште тече проектот поддржан од МОН и ОБСЕ -"Градиме нови мостови" преку реализација на заеднички часови по англиски јазик на ученици кои наставата ја следат на различен наставен јазик.

Со високи очекувања во однос на бројот на инволвирани ученици (безмалку 70), очекувани резултати и финални продукти, професорите Жана Живадиновиќ и Халит Лита го пренесуваат ентузијазмот и континуираната посветеност кои не недостигаат и кај учениците!

Желбата за соработка и дружба со фокус на сличностите и негување на различностите е нашиот влог во подобро утре!










## Проект - Скопје низ историјата

По потпишувањето на меморандум за соработка помеѓу СМУГС „ Д-р Панче Караѓозов“ и невладината организација Мировна акција – Прилеп, наставниците Валентина Стаменковиќ и Кенан Исени пристапија кон реализација на мултиетничкиот проект Скопје

низ минатото. Во проектот беа вклучени 16 ученика по 8 ученика од македонски и албански наставен јазик. Од нив 14 беа ученички и 4 ученици.
Целта на проектот беше изградба на мостови на соработка и меѓусебна доверба.
Проектот беше реализиран преку три активности.
Првата активност ја реализиравме на 02.10.2023 год. Целта беше запознавање помеѓу учениците и меѓусебно дружење и при што ја применивме техниката „Продолжи ја мислата“
Втората активност ја реализиравме на 14.10.2023 год. Целта запознавање со минатото на град Скопје и истата беше именувана „Јас како турист“. Беа посетени следните локалитети и музеи: Мустафа Пашина џамија, Меморијалниот центар на холокаустот на Евреите од Македонија, Музејот на македонската борба за самостојност, Спомен куќата на Мајка Тереза, Музејот на Град Скопје и Манстирот на Пресвета богородица во Матка.
По завршувањето на втората активност учениците беа поделени во парови по еден ученик од македонски и албански наставен јазик и добија задача заедно да истражуваат за следните знаменитости и личности: Тумба Маџари, Скупи, Скопско Кале, Камени мост, Старата Скопска чаршија, Скопскиот земјотрес, Мајка Тереза и Гоце Делчев.
ја реализиравме третата активност.
По завршеното истражувања беа изработени четири паноа кои беа поставени во холот на училиштето. На 06.11.2023 год. 8 пара ученици по еден од македонски и еден од албански натавен јазик кои заедно работеа имаа за задача истражувањето да го представат пред нивните презентиран и на албански наставен јазик. соученици и наставници. Прво текстот го презентираше уеникот на македонски наставен јазик а
ппотоа истиот текст беше презентиран и на албански наставен јазик.











## Тим за безбедност и спречување меѓуврсничко насилство

Град Скопје активно работи за спречување и намалување на меѓуврсничкото насилство во градските средни училишта, а дел од активностите опфаќа и делувањето на координаторите од сите градски средни училишта задолжени за справување со врсничкото насилство кај младите.

Координаторите ги презентираат училишните извештаи за состојбите од оваа проблематика во училиштата, а ги презентираат и мерките и активностите што ги преземаат за спречување и намалување на меѓуврсничкото насилство.

Во рамките на своите заложби за унапредување на безбедноста во училиштата, Градот Скопје во изминатиот период спроведе повеќе активности и иницијативи меѓу кои формирање тимови за безбедност, назначи координатори за справување со меѓуврсничкото насилство, воведе протоколи за справување во кризни ситуации и при детекција, справување и превенција на сите форми на насилство во училиштата.

Во однос на заложбата за намалување на насилството и унапредување на безбедноста во училиштето, под иницијатива на Град Скопје и Секторот за превенција на СВР Скопје, формиран е **Тим за безбедност и спречување на меѓуврсничко насилство**, во кој членуваат сите релевантни субјекти: директор, струлна служба, наставен кадар, претставници од Советот родители, претставници од Ученичката заедница, претствник од агенцијата за обезбедување. Во училиштето се реализираат повеќе активности:

- Активно учество во проекти поддржани од Град Скопје за намалување на насилството и унапредување на безбедноста во средните училишта
- Одржување разговори и работилници за ненасилна комуникација од страна на педагошко психолошката служба .
- Во рамки на одржаните Совети на паралелки се нагласува значењето на наставниците во подигнувањето на безбедноста, особено за подигнување на свеста и спречување на сајбер насилство
- Состаноци со претседатели на класови и реалзирани работилници од страна на учениците - спроведување на мерките од акциониот план (давање идеи и предлози за активности, извештај за состаноците на класната заедница)
- Учениците и родителите се запознати со протоколите за безбедност , преку материјалите кои ги доставува стручната служба до секој класен раководител ...................

## Грижа за здравјето на учениците

Грижата за здравејето на учениците особено е нагласена оваа учебна година, имајќи ја предвид епидемиолошката сосотојба, па акцент е ставен и на физичкото, но секако и менталното здравје на учениците. Освен перманентната поддршка од стана на наставниот

кадар и стручната служба, и секако соработката со семејството, беа реализирани и работилници за значењето на менталното здравје на учениците.

Нашите ученици, како и секоја година активно се вклучија во краводарителските акции,оргаганизирани од Црвениот крст на Македонија.

## Работилница за контацепција

На ден 26.9.2023, по повод Меѓународниот ден на контрацепцијата, контрацептивни средства и контрацептивни методи, во нашето училиште се спроведе работилница на таа тема.

Работилницата беше водена од ученичките Ангела Нацева, Ема Мицевска, Елена Павловска и Милица Ризова, под менторство на стручните наставници по гинекологија и акушерство со нега проф. Соња Митевска и проф. Елена Димитриевска.

На настанот присуствуваше претставник од невладината организација ХЕРА, кој им овозможи на учениците дополнителни информации на темата.

Во тек на работилницата низ презентација беа опфатени сите контрацептивни средства и контрацептивни методи, а воедно беше дискутирано и за митовите околу контрацепцијата.

Работилницата беше посетена од голем број ученици на кои и им овозможи да ги надградат сопствените знаења и како категорија млади и како идни здравствени работници.





......................

## Грижа за менталното здравје на младите

Во големата сала на Град Скопје беа реализирани серија трибини, работилници и истражувања насочени кон унапредување на менталното здравје на младите, со особено акцент на зајакнување на капацитетите на средните училишта за препознавање, намалување и спречување на врсничкото насилство.

На трибината на тема како да се намали врсничкото насилство кај младите, членовите на стручните служби на Град Скопје и средните училишта, ученици и претставници на релевантни институции и организации, дискутираа за теми поврзани со застапеноста на

врсничкото насилство, различните форми на манифестација, како и неопходноста од јасно дефинирање и навремено препознавање на врсничкото насилство со цел негова превенција.

Во соработка со учениците од средните училишта се дефинираат препораки за подобра грижа на младите и ефективни механизми за справувавање со насилно однесување. Град Скопје активно се залага и работи во соработка со наставните кадри и учениците за справување и намалување на врсничкото насилство и унапредување на добросостојбата на учениците.

................

## Одбележување Мовембер

Во рамките на Ноември, месец посветен на машкото здравје, месецот го комплетиравме со настан со презентации од ученици, преку кој испративме важни пораки и ја акцентиравме потребата за грижа за истото.

.....

## Посета на Универзитетска болница во Турција

Нашето училиште воспостави соработка со Medipol Mega Üniversite Hastanesi - Медипол Мега Универзитетска болница во Истанбул!

Една од најголемите и најсовремени болници со сопствен универзитет, која е еден од лидерите во терциерното здравство во поширокиот регион ја препозна визијата на нашето училиште за квалитетно образование и во наредниве неколку дена ги отвори вратите за нашите професори и ученици.

Учениците се запознаа со дел од високо специјализирани напредни медицински испитувања и истражувања, интервенции и лекувања; специјализирани единици за интензивна нега; специјализирани дијагностички поддржувачки служби како и најсовремена технологија во медицината и дијагностиката. Секако, сето ова во директна комуникација со нивниот високо специјализиран персонал

| | |
|---|---|
|  |  |

....

## Одбележување на 7 Април Светскиот ден на здравјето

Настанот беше организиран од Град Скопје, под мотото „Фестивал на здравјето“, што годинава прв пат се одржа во Градскиот парк.

Учениците со нивните професори – доктори вршеа бесплатни мерења на нивото на крв во крвта, како и мерење на  крвниот притисок на посетитетлите. На повеќе штандови посетителите имаа можност да се информираат за здрав начин на живот, бидејќи главна задача на медицината е спречување на болести. Со честитки за 7 април Светскиот ден на здравјето, се изрази надеж и верба дека ќе имаме добри кадри кои ќе се грижат за здравјето на граѓаните на нашата земја.










…..

## Безбедно за Нова година

Тимот за безбедност учествуваше на презентација и снимање видео порака за превенција од повреди од пиротехнички средства, во соработка со секторот за превенција на СВР Скопје




………………………

## Меѓународна соработка со „Курт Николин Гимназиум,, од Норчепинг – Шведска

### Посета на училиштето во Шведска







## Посета на Клиниката Жан Митрев

Едукативна посета за идните медицински сестри
„Денеска во нашата клиника ни беше чест и задоволство да ги пречекаме идните сестри. Групата од средношколци од на СМУГС „Д-р Панче Караѓозов“ SHMMQSH"D-r Pançe Karagjozov"  од Скопје заедно со 22 ученици, нивни гости од ,,Курт Николин Гимназиум,, од Норчепинг - Шведска, имаа прилика да се запознаат одблиску со дневните случувања во клиниката. Како дел од Еразмус проектот - учениците придружени од своите професор Nina Knaggs, Bekim Fera, Sonja Gliguroska направија комплетна обиколка на просториите и одделите со цел запознавање на работните процесеси на нашата установа. Им благодариме и им посакуваме успех во нивното понатамошно образование.“




 

………

## Младински активизам

## Програмата за младинско лидерство на ученици роми

Целта на Програмата е развивање на младински активизам во граѓанското општество преку обука и практично доусовршување на нова генерација млади лидери коишто активно ќе се вклучат во подобрување на условите во заедницата.

Програмата се реализираше април/ мај 2024 година во два дела: Обука и Волонерска работа во НВО, со следната динамика:
1. Состанок на координатор со групата учесници и запознавање со програмата.
2.Волонтерите (ученици) доаѓаат на дво-дневна обука (Модули: Тимска работа, Комуникација, Одржливи заедници, Умствени модели, Промена) каде што ќе развијат проектна идеја што потоа ќе ја донесат во НВО и на чие развивање ќе можат да работат заедно со менторот
3. Учесниците се распоредуваат во НВО и започнуваат со волонтерска програма во вкупно времетраење од 18 работни часа, поделени на три седмици (не треба да посетуваат секој ден, туку 2-3 пати недлено по 2 часа, по договор со менторот од НВО).
4. Учесниците ја започнуваат волонтерската програма и на истата се очекува да бидат директно вклучени во работата на НВО, со цел запознавање на природата на работата на НВО.

## Одбележување на Денот на нулта дискриминација

Во Средното училиште на Град Скопје „Јосип Броз Тито“ беше одржана панел дискусија, организирана од Секторот за образование , по повод одбележување на глобалниот Ден на нулта дискриминација. Со настанот беше одбележан 1 март - Денот на нулта дискриминација, кој има за цел да промовира различност, толеранција и инклузија.

„Градот Скопје со скопските средни училишта континуирано работи на подигнување на свеста за негативните ефекти од дискриминацијата, како и за реализација на мерки и активности за инклузивност во училиштата. Од суштинско значење се заедничките напори за спротивставување на дискриминацијата меѓу младите во сите нејзини форми, да се препознае вредноста на различноста и да се промовира инклузија и толеранција градејќи праведно и рамноправно општество“ истакна градоначалничката Данела Арсовска.

На панел дискусијата учествуваа скопските средношколци, стручни лица, експерти, училишните психолози и педагози, како и директорите кои дискутираа за организацијата

на средните училишта во насока на превенција од дискриминација. На настанот се разговараше и за видовите на дискриминација со кои се среќаваат учениците, како и за последиците односно за чувствата на учениците кои се изложени на дискриминација. Заклучоците од панел дискусијата беа во форма на мерки за заштита, со акцент на правните механизми за заштита, а се одржа и отворена дискусија со учениците.




....

## ДЕН НА СРЕЌАТА

Го одбележуваме меѓународниот ден на среќата.Среќа е детската насмевка, среќа е секое разденување,среќа е...☺❤









...

## Учество на меѓународен симпозиум „Образованието, медиумската писменост во доба на вештачката интелигенција“

Со цел да поттикне дискусија за тоа како образованието за медиумска писменост треба да држи чекор со брзите општествени промени кои ги носи вештачката интелигенција, Институтот за комуникациски студии (ИКС) и ИРЕКС го организираа меѓународниот симпозиум „Медиумската писменост во доба на вештачката интелигенција: Проширување на границите на возможното“, како дел од проектот на УСАИД за медиумска писменост „Младите размислуваат“. За време на симпозиумот беше одржана и работилница за млади, на која повеќе од 30 средношколци, студенти и други млади луѓе ги научија

основите на вештачката интелигенција и како да ги користат алатките за вештачка интелигенција на одговорен и на коректен начин.
Учесници Емилија Бошковска Живадиновиќ, Илми Ковачи и Валентина дамчевска





## Одбележување на Денот на македонсиот јазик

По повод одбележувањето на 5 Мај - Денот на македонскиот јазик, Катедрата за македонски јазик на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје одржа трибина „Состојбите во современиот македонски јазик: Македонскиот јазик во наставата“ на 10 мај 2024 г. во 13:00 ч. во Големиот амфитеатар на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“. На трибината учествуваше проф. Деница Козовска- Михаиловска

......................

## Одбележување на Светскиот ден на сестринството

И оваа година ги одбележавме двата меѓународни празници, 5 мај – Ден на акушерките и 12 мај – Меѓународниот ден на медицинските сестри. Во знак на солидарност и заедништво им се придружуваме на светската заедница на сестри и акушерки – славејќи заедно и повикувајќи се кон мотото „Посилни сме кога работиме заедно!“

Од 2001 година Националното здружение воведе национална недела на сестринството, организирајќи во тие денови разни настани. Оваа година Европската федерација на национални здруженија на медицински сестри и акушерки и СЗО, неделата ја нарече ЕВРОПСКА недела на медицинските сестри и акушерки, со порака:

ЦЕНЕТЕ ГИ, ШТИТЕТЕ ГИ, ПОЧИТУВАЈТЕ ГИ МЕДИЦИНСКИТЕ СЕСТРИ И ИНВЕСТИРАЈТЕ ВО СЕСТРИНСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНАТА НЕГА, а со тоа ќе инвестирате во здравствените системи и економијата на земјата.

Модернизирајте го образованието со градење на кариера, легислативата, зголемете го бројот на вработени и подобрете ги условите на работните места, да се развие менторството и лидерството за да се обезбеди безбедност на пациентите.

Горди сме на сите Вас за вашата, трпеливост, посветеност, професионалност, храброст и херојските дејствија – спасувајќи многу животи, многу често и по ризик на сопствениот живот.

Честитки до сите мед сестри и акушерки
Нашите медицински сестри – Наша иднина!

Носител: Актив на медицински сестри

........................

## Соработка со социјални партнери

Горди сме што станавме дел од RYCO - Superschools (Regional Youth Cooperation Office)! Нашето училиште беше избрано како едно од учиштата победници во програмата "RYCO SUPERSCHOOLS WESTERN BALKANS SCHOOL EXCHANGE SCHEME". Денес се потпишаа договорите за меѓусебна соработка, а следи имплементација на проектните активности помеѓу нашите ученици и учениците од нашиот партнер - средното медицинско училиште "Qendra e Kompetences" – Ferizaj.

Носители се проф. Илми Ковачи и проф. Менсур Али

## Соработка со социјален партнер Алкалоид за реалзизација на дуалното образоване

На 1.9.2023 г. започна со настава третата генерација на ученици во парцијално дуалната паралелка со назив „Фармацевтски техничар во фармацевтската индустрија" во средното стручно училиште СМУГС ,,д-р Панче Караѓозов" Скопје.

Третата и, воедно, најбројна паралелка досега ја сочинуваат 27 ученици, кои во текот на јуни поминаа низ процес на селекција.

Преку нашата успешна соработка со СМУГС ,,д-р Панче Караѓозов", овие ученици ќе се здобијат со сеопфатно образование, комбинирајќи го теоретското знаење со практичното искуство во нашите производствени погони и во тренинг-лабораторијата во Тренинг-центарот – Лафома, која е специјално наменета за тренинг и за едукација на млади таленти.

Продолжуваме да вложуваме во едукацијата на младиот кадар, кој ќе добие можност во иднина да ја продолжи својата кариера и да придонесе за растот на нашата комапнија.

На 25 април 2024 година „Алкалоид" АД Скопје организираше отворен настан за родителите и за учениците од втората парцијално дуална паралелка, кои ќе го завршат своето средно образование во тековната учебна година.

Родителите ги посетија нашите лаборатории и производствени капацитети и имаа можност да видат каде се едуцираа нивните деца во изминатите две години.

За време на настанот родителите и учениците се запознаа и со кариерните можности што ги нуди нашата компанија, во случај учениците да се одлучат својата натамошна кариера да ја градат во рамките на „Алкалоид".

Ја продолжуваме нашата успешна соработка со СМУГС ,,д-р Панче Караѓозов" и продолжуваме да вложуваме во едукацијата на идните млади професионалци.













……………………..

## Кариерно советување и Отворени денови за промоција на факултетите

Како дел од инцијативата на Град Скопје за отворени денови во средните училишта, универзитетите и факултетите што се заинтересирани да ги презентираат своите програми пред идните студенти имаа можност да го сторат тоа во една поорганизирана форма. Тоа се реализираше во организација на Кариерниот центар на Училиштето. Можноста која им се нуди на средношколците е, оваа учебна година и преку онлајн презентации на програмите на факултетите да добијат информации и одговори за високото образование и да го направат вистинскиот избор за својот професионален  развој.

Оваа година беше на иницијатива на Град Скопје беше реализирано тестирање за определување на професионални интереси на учениците од трета година, преку батеријата БИПО. Преку електронската најава на сиситемот, учениците пополнуваа серија од три групи прашања, врз основа на кои се добија генерирани резултати на кои увид имаа исклучиво учениците, како една ориентација во формирањето на ставовите за нивното идно кариерно определување.

## Одбележување значајни датуми:

Во рамки на активностите на УУЗ- ученичката училишна заедница, беа одбележени Меѓународниот ден на човекови права,  Меѓународниот ден на Ден  на Ромскиот јазик, Меѓународниот ден на албанската азбука, Денот на волонтерите, Подигнување на свеста за ретките болести , за дијабет, Меѓународниот ден за елеиминирање на насилството врз жените, Светскиот ден на човековите права и др.




































## Постигнати награди за учебна 2023/2024 година



За Училиштето значајни се постигнатите резултати и пласмани на повеќе регионални, државни и мaѓународни натпревари. Прегледот е претставен во табелата, но особено ќе ги нагласиме освоените први места .

| **Натпревар и организатор** | **Општински** | **Регионален** | **Државен** | **Меѓународен** | **ученици** | **ментор** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Републички натпревар<br>Црвен крст | | | 4 место<br>од 32 | | | Нина Кнаггс |
| Друштво на биолози на Македонија | 1<br>1<br>1<br>2<br>3<br>3<br>3<br>3<br>3 | | | | Јана Антовска<br>Ива Милошевска Елена<br>Муратовска Петар<br>Николов<br>Драгана Танасковска<br>Марко Милошевски<br>Јован Костадиновски<br>Анѓела Нацева<br>Бојана Димова | Елена Јакимовска |
| Друштво на биолози на Македонија | 1<br>2<br>3 | 1<br>2<br>3 | 1<br>1<br>2 | | Емилија Аврамоска Сара<br>Цветкова<br>Јована Милеска | Елизабета Сарафимова |
| Натпревар по наноматеријали<br>Технолошки факултет УКИМ | | 2<br><br>2 | 4 | | Анастасија<br>АракsиСаркисијан<br>Јована Маџовска | Елизабета Сарафимова |
| Здружение на класични филолози „Антика“<br>Латински јазик | | 1<br>1<br>1<br><br>2<br>2<br>3 | 1<br>2<br>2<br><br>3 | | Георге Ивановски<br>Симона Стаменов<br>Анастасија Аракси<br>Сакисијан<br>Миа Чонтева<br>Ива Јанкуловска<br>Марија Будимова | Соња Станковска |
| Друштво на биолози на Македонија | 1<br>1<br>2<br>2<br>3<br>3 | 2<br>3<br>2<br>2<br>2<br>3 | 2<br><br>3<br>2<br>3<br>3 | | Фисник Мемети<br>Ресул Миртезани<br>Зехра Идриз<br>Веса Изаири<br>Медине Арслановска<br>Сара Миртезани<br>Арта Арслановска | Мреван Бакиу |
| Хемија | | | | | Јована Милевска | |
| | | | | | | |

**Извештај за одржаните натпревари МАССУМ Образовно рандеву 2024**
**СОУ “Коста Сусинов” Радовиш – 10,11 мај**

| Натпревар | | Ученик-натпреварувач | Наставник-Ментор | |
|---|---|---|---|---|
| 1.Интервју за работа | Македонски: | / | / | |
| | Албански: | -Trim Emini | **Shpresa Ismaili** | **I место** |
| | Англиски | -Ангела Нацева | **Катерина Анчева** | **I место** |
| 2.Јавно говорење-Подготвен говор | Македонски: | -Ана Ѓонеска | **Татјана Христовска Качоровска** | **I место** |
| | Албански | -Dijedon Ismaili | **Shpresa Ismaili** | **I место** |
| 3. Маркетинг план | Македонски | -Сашка Јакимовска<br>-Мила Трендовска<br>-Ален Ангеловски<br>-Миа Димитриевска | **Ацо Ѓоргиевски**<br>**Елена Каевска** | |
| | | | | |
| 4. Најдобар бенд и соло изведувач | | **Бенд „ Тотална протеза“ во состав:**<br><br>Виктор Ѓорѓиев<br>- вокал и гитара<br>Дина Дучевска<br>- вокал и гитар<br>Матеј Пешевски<br>- електрична гитара<br><br>Мелани Пешевска<br>- бас гитара<br>Леонид Манасиевски<br>- бубњеви<br><br>ќе изведат 2 или 3 песни | **Лидија Пшенко** | тел: 075 466225<br><br>**I место** |
| 5. Најдобра видео реклама | | -Arlinda Cakolli<br>-Arta Ramadani<br>-Emine Sejfuli<br>-Melisa Ramadani<br>-Edona Sali | **Esral Sulejmani** | |
| 6. Најдобра фотографија | | Дамјан Тушевски | **Сашо Унчевски** | **I место** |
| | | Rumejsa Saiti | **Mervan Bakiu** | |
| 7. Најдобар филм | | Во категорија експериментален<br>-Aziz Ali<br>-Anesa Bektesh<br>-Edona Dalipi<br>-Tringa Emini<br>-Arta Kalisi | **Kimete Ahmeti** | |
| | | Во категорија документарен<br>-Aziz Ali<br>-Edona Sali | **Esral Sulejmani** | |
| 8. Најдобар штанд | | -Анастасија Јефтимова<br>-Мартина Ангеловска<br>-Миа Николовска<br>-Андреа Крстевска<br>-Сара Блажеска<br>-Arta Kalisi<br>-Aziz Ali<br>-Anesa Arifi<br>-Bekra Doshlak<br>-Talha Lazimi | **-Емилија Бошковска Живадиновиќ**<br>**- Јасмина Јаковчевска**<br>**-Весна Игњатовиќ**<br>**-Боби Кирковски**<br>**-Bekim Fera**<br>**-Neshe Salih**<br>**-Shaban Berisha** | **III место** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 9. Најдобра драмска претстава | -Марија Тасевска<br>-Христина Димовска<br>-Мила Паневска<br>-Марко Ѓуроски<br>-Емилија Пешевска<br>-Петар Галевски<br>-Јана Јанкуловска<br>- Нина Аневска<br>-Сара Ибровиќ<br>-Деспина Марковска<br>-Никола Рабаџиски<br>-Искра Георгиевска<br>-Хадиџе Шабан<br>-Марија Миланова<br>-Ева Ристеска | **Павлина Митевска**<br>**Емилија Милошевска** | I место |
| 10.Најдобра поетска Творба - Македонски | -Моника Ивановска | **Владанчо Ристовски** | |
| - Албански | -Kanita Poliku | **Meradije Fejzullahu** | III место |
| 11. Најдобар постер | -Vlera Çiçe<br>-Fahrije Idriz<br>-Shazije Seferi<br>-Yllka Ali | **Shpresa Ismaili** | |
| 12 Најдобар/ра пингпонгар/ка | -Виктор Чакаровски | **Весна Качаниклиќ** | |
| 13. Најдобра екипа во баскет | - Благица Илијева<br>- Зорица Караѓозова<br>- Давуд Јукиќ<br>- Марко Сибиновски | **Весна Качаниклиќ** | |
| 14. Најдобра екипа во серва | - Марио Комненовиќ<br>- Јаков Мариновски<br>- Ева Величковска<br>- Вања Ристиќ | **Весна Качаниклиќ** | |
| 15. Кариерно портфолио | -Vesa Izairi<br>-Yllka Ali | **Shpresa Ismaili** | |

Лидија Пшенко - Координатор за СМУГС „ Др Панче Караѓозов“ - Скопје

„Се започна со идејата бендот "Тотална протеза" да настапи на хуманитарни концерти за нашиот драг Лео. Приказната продолжи со свирки на повеќе настани каде бендот го задржа својот препознатлив тон. Виктор, Матеј, Дина, Мелани и Леонид на МАССУМ 2024. Освоија заслужено I место“

..
























## Потпишани меморандуми за соработка со здравствени институции




ЈЗУ Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство - Скопје
ЈЗУ Универзитетска клиника за неврохирургија - Скопје
ЈЗУ Универзитетска клиника за дигестивна хирургија - Скопје
ЈЗУ Универзитетска клиника за хирушки болести Св.Наум Охридски - Скопје

ЈЗУ Универзитетска клиника за физикална медицина и рехабилитација – Скопје
ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести – Скопје
ЈЗУ Универзитетска клиника за пластична и реконструктивна хирургија - Скопје
ЈЗУ Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедски болести, анестезија, реанимација и интензивно лекување и ургентен центар – Скопје
ЈЗУ Здравствен дом Скопје (Брза помош)
Институт за јавно здравје - Скопје
Лабораторија за испитување на храна и ДПТУ „Фудлаб“ ДО Скопје
Лабораторија „Рамус“ - Скопје
Санте плус болница - Скопје
Здружение на лекари специјалисти ЗЛС - Скопје
Ад „Алкалоид“ - Скопје и Билна аптека -Скопје
ДФМСМР „Катлановска бања“ ДОО - Катланово
ПЗУ „Медика“ - Скопје
ПЗУ УСКЦ - Скопје – проф.Бојо Андреевски
ПЗУ„Еурофарм“- Скопје
ПЗУ „Моја аптека“ -Скопје
ПЗУ „Никоб лаб“ - Скопје
ЈП водовод и канализација - Скопје

## 6. Работа на управните и стручните органи и тела

### 6.1. Училишен одбор

Во текот на учебната 2023/2024 година, Училишниот одбор има одржано состаноци на кои се разгледувани прашања и донесени повеќе одлуки:

- Усвојување на програма за реализирање на завршната екскурзија
- Избор на најповолнапонуда за реализација на завршна екскурзија
- Годишен финансиски план на приходи и расходи од дотација
- Годишен финансиски план на приходи и расходи од самофинансирачки активности
- План за јавни набавки за 2024 година
- Формирани се пописни комисии
- Усвоен е пописниот елаборат за извршениот попис на основните средства, ситниот инвентар и паричните побарува со состојба на 31.12.2023 година
- Донесена е одлука за благајнички максимум
- Донесен е годишниот извештај за финансиското работење на училиштето за периодот од 01.01.2023 година до 31.12.2023 година.
- Усвоена Годишна извештај и програма за работа на училиштето и училишниот дом.

### 6.2. Совет на родители

Програмата за работа на Советот на родители опфаќа прашања од интерес на успешно работење на училиштето.
Родителите се вклучени во работата на Училиштето преку Советот на родители и на Училишниот одбор, како форми кои се утврдени со Законот за средно образование. Соработката на Советот на родители и на Училишниот одбор не е формална бидејќи училиштето ја прифаќа поддршката од родителите кои самоиницијативно сакаат да помогнат во работата на училиштето и да придонесат за унапредување на училишната клима.

Во текот на учебната 2023/2024 година, одржани се состаноци на Советот на родители на кои се разгледувани прашања поврзани со работата на училиштето

- Избор на претставници од Одборот на родители во советот на родители за прва година
- Избор на осигурителна компанија која ќе ги осигура учениците
- Информација за учебници кои ќе се применуваат и кои се пристигнати од Министерството за образование и наука
- Именувани се претставници во Училишниот одбор од редот на родителите на учениците.
- Реализација на проекти во училиштето.
- Истотака, родителите се информирани во врска со изборните предмети кои се изучуваат во трета и четврта година спред реформирано, модуларно образование

### 6.3. Наставнички совет на Училиштето

Во текот на учебната година одржани се состаноци на Наставнички совет, на кои по класификациони периоди беше направена анализа на постигнатите резултати. Исто така беше донесена одлука за активности поврзани со реалзиација на повеќе проекти - проекти за мултиетничка интеграција, тим за еколошка акција, назначени членови на Училишна матурска комисија, членови на Тим за безбедност на училуштето, уписни комисии, комисии за интерни матурски предмети и др. На Наставнички совет беше донесена и предлог одлука за распишување оглас за запишување ученици во прва година во учебната 2024-2025 година. Како и секоја година беше прогласен и ученик на генерација.

### 6.4 . Менаџерски тим на Училиштето

Менаџерскиот тим во училиштето го сочинуваат: Директор, помошници на директор и стручна служба. Тимот го предводи Директор кој е раководен орган и е одговорен за законитоста во работењето на училиштето.

Менаџерскиот тим преку негување на тимската работа се стреми кон остварувањето на крајната цел : подобрување на воспитно - образовната работа и постигнување на подобри резултати во учењето и работењето на училиштето.

Членовите на менаџерскиот тим, секој во рамките на своите надлежности дава свој придонес во:

- организирање и координирање на работата во Училиштето
- следење на воспитно-образовната работа и грижа за целосно реализирање на наставните програми
- грижа за правилно и навремено водење на педагошката евиденција и документација
- стручно усовршување на наставниците
- следење на редовноста на наставниците и учениците и предлагање мерки за подобрување на истата
- анализа и следење на успехот и поведението на учениците
- унапредување на соработката со родителите односно старателите на учениците
- грижа за обезбедување и употреба на наставни нагледни средства и други помагала
- грижа за осовременување на наставата со примена на современи облици и методи за работа
- анализа на ефектите од примена на иновации во наставата

## 6.5. Ученичка училишна заедница– Ученички парламент

Целта на функционирање на УУЗ е:

- Да се поттикне креативниот дух на учениците
- Да се поттикне пријателството и дијалогот меѓу учениците основан врз принципите на рамноправност и взаемно почитување
- Да се подобри контактот меѓу учениците и професорите во училиштето
- Да се афирмираат ученичките права и обврски
- Да се афирмира училиштето

Проекти кои се реализираат со активно учество на ученците :

- Меѓуетничка интеграција на младите - заеднички часови,
- Одбележување значајни датуми
- Ученичка иницијатива и поттикнување младински активизам
- Подигнување на свеста за сите видови насилство и превенција
- Врсничка едукација
- Посета на Собрание
- Хуманитарни акции
- Учество во проекти на невладини организации, одобрени од МОН и Град Скопје
- Поддршка на учениците
- Информација за YES програма
- Посета на театраски претстави во рамки на програмата Бесплатна претстава во среда, во Теататрот за деца и младинци

Тимови:

- Тим за внатрешни работи (претседателите на класови - да ги претставува интересите и барањата на учениците )
- Тим за надворешни работи (за воспоставување соработка со други училишта и локална заедница)
- Тим за култура (музички бендови, ликовни изложби, драмска секција, поетски клуб, посета на претстави)
- Тим за наука и промовирање на научни достигнувања и иновации
- Тим за спорт (планинарење, велосипедизам и други рекретативни активности, учество на натпревари -согласно протоколите)
- Тим за здравствена култура (врснички едукации, Црвен крст...)
- Тим за безбедност (едукативни работилници во соработка со Секторотот за превенција на МВР, булинг, сајбер насилство...)
- Тим за училишен весник – редакција на „Реинкарнација"

### 6.6. Стручни активи

Наставниците од нашето училиште имаат активна соработка со Бирото за развој на образованието и со Центарот за стручно образование и обука, преку учество во изготвување на Курикулумите за сите профили од здравствена струка, во развојот и унапредувањето на наставните планови и програми, имплементација и ревизија. При тоа се остварува соработка со универзитетски професори од Медицинскиот, Стоматолошкиот и Фармацевтскиот факултет, како и претставници од соодветни здравствени институции како социјални партнери.

Соработката е продлабчена со активно учество на стручни наставници во проектот на МОН, ЦСОО за Модернизација на техничкото образование реформа во пет чекори во техничкото образование на ниво на анализа на сектор, изработка на стандарди на занимање, стандарди на квалификации, наставни планови и програми. За реализација на истата организирани се обуки од страна на ЦСОО и МОН за реформите на техничкото образование.

Наставниците од нашето училиште перманентно учествуваат и во изготвување на наставни планови и програми, за модуларно реформирано образование

За координирање на активностите, во училиштето се формира Еко одбор. Од тоа произлезе потреба да на состаноците на стручните активи се дискутира во врска со потребата за збогатување на тематските планирања во делот на целите.

### 6.7. Обуки за наставниот кадар:

Врз основа на анализата за потребите на вработените за личен, професионален и педагошки развој, во текот на учебната година беа одржани повеќе обуки:

- Обука на тема: Вреднување на постигањата и оценивање на резултатите од учење“ Гранит, организирана од СМУГС „Д-р Панче Караѓозов“ . одржана на 2-3.09.2023, во хотел Гранит - Охрид

- **Обука „Современи педагошки пристапи за подобро стручно образование и образование на возрасни“** , Наде Пецуровска, координатор за училишната обука го приложи следниот извештај:

  Во текот на реализацијата на обуката во Средно Медицинско Училиште на Град Скопје “Д-р Панче Караѓозов“, Скопје преовладуваше споделувањето на искуства на учесниците за наставата и учењето, практичната работа и учеството на учесниците, во однос на предавањата. Училишната обука со физичко присуство (во прилог слики и евиденција на присутни) ја реализирав со 32 наставници на 15.01.2024 година, а онлајн средбата

(во прилог Screen Shot од онлај делот од обуката со учесниците) на 18.01.2024 година.

| | |
|---|---|
|  |  |
|  |  |

- Професор Елизабета Сарафимова, Зумрете Јакупи, Мерадије Фејзулаху во рамки на меѓуетничка интеграција учествуваа на тренинг на тема **“Продлабочувачки тренинг за градење мир и мировно образование”**.Тренингот се одржа во Охрид во периодот од 15-18.11.2023 година.Истиот беше во организација на Првата детска амбасада во светот Меѓаши-Република Македонија, како и на трета мировна средба 7-9.12.2023 год, Струга.Средбата беше во организација на Првата детска амбасада во светот МЕЃАШИ.
- Обука на тема **“Превенција и сузбивање на зависности”.**Обуката беше во организација на Фондацијата “Никола Кљусев” од Скопје.Обуката се одржа на ден

23.11.2023 во просториите на истата фондација во Скопје.Истата траеше 4 часа.Обуката ја водеше Др. Људмил Кљусев-психијатар специјалист за детска и адолесцентна психијатрија.

- **Работилница на тема – Во светот на материјалите и нанотехнологиите**.Истата беше одржана на ден 15.12.2023 година во просториите на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје.
- Обука за наставници- стручни соработници од средните училишта на тема: **Дигитални вештини кај наставниците во функција на наставата** (при следење на учениците, во решавање проблемски ситуации, во истражувачки активности и слично). Обуката е акредитирана од страна на Бирото за развој на образованието а беше реализирана од акредитиран провајдер за обуки за наставници 03 Инвест-Скопје во јуни 2024 во просториите на училиштето во тек на два дена

………

## 6.6. Извештаи од работата на стручните активи во учебната 2023-2024 година

### Извештај за работата на Актив на стоматолози и забни техничари

Стручниот актив на отсекот забни техничари во тековната 2023/2024 година одржуваше редовни состаноци и реализираше активности согласно програмата за истиот. Активот се состои од стоматолози Жана Чингоска, Александра Милошевска, Андриана Андреева Остојиќ, Сашо Унчески, Валмира Морина Бакали, Ибраим Рамадани, како и струч. забни техничари Маја Филиповски, Петре Талески, Шабан Бериша , Мирјана Цветкоска, Весна Игњатовиќ и Берат Бајрами.

***I . Реализирани активности***

Во текот на учебната 2023/24 година, Активот ги одржа сите планирани состаноци на кои се разговараше и се разменуваа мислења, идеи и искуства за што поуспешна реализација на предвидените наставни планови и програми, за имплементација на Еко стандардите, примената на ИКТ во наставата како и за критериумите и стандардите за оценување.

Примената на **Еко стандардите** во наставата, чија цел е да се подигне еколошката свест кај учениците, наставниците ја реализира преку соодветни содржини кои претставуваат дел од наставниот час.

**Дополнителната настава** се реализираше според предвидениот распоред, но и во термини прилагодени на барањата на учениците сè со цел да се совладаат наставните содржини и да се поправат негативните оценки. Исто така се реализираа и консултации со учениците од четврта година за избор и изработка на **проектната задача.**

Наставниците имаа континуирана комуникација и соработка со своите ученици и родителите преку различни средства за комуникација – интернет, социјални мрежи каде

им даваат насоки за учење и пишување домашни задачи за подобро совладување на градивото.

Колегите наставните програми за учебната 2023/24 год. во целост ја реализираа .

Негативни оценки имаа неколку ученици, кои за време на наставниот процес не покажаа никаква активност и интерес. Нивниот број е незначителен и повеќето го положија поправниот/класниот испит во месец јуни. Останата е една ученичка од II година на поправен испит во августовската испитна сесија.
Сите ученици кои имаат потреба од дополнителна настава, на нивно барање добиваат индивидуални објаснувања и упатства.

Реализирани се и контакти со родители, преку **меил и преку директни телефонски јавувања** со цел да се поттикнат послабите или помалку ажурните ученици навремено да ги реализираат активностите.

***Во текот на месец март и почетокот на месец април*** се одвиваше одбраната на проектните задачи Сите пријавени кандидати успешно ги положија испитите. Оваа учебна година, беа реализирани и одбранети сите проектни задачи при што сите кандидати положија со висока позитивна оценка.

По одржаните класни совети, класните раководители на родителски состанок ги известија родителите, како за успехот во тековниот период, така и за поведението на учениците и соработката со наставниците и педагошко- психолошката служба.

Наставниците имаат одлична меѓусебна соработка во рамките на Активот и поединечно. Размената на искуства, разговорите за одредени педагошки или методолошки прашања, заедничкото решавање на одредени тековни проблеми кои се појавуваат во наставниот процес, придонесуваат наставата да се изведува релаксирано и со поголем успех. Изработка на матурски тестови за интерен дел од државна матура за учебна 2023/2024 година по стручни стоматолошки предмети.

Активот функционира многу успешно и редовно ги одржува своите состаноци, еднаш месечно, со конструктивни дискусии и забелешки, на кои присуствуваат сите наставници. Обуки за примена на нови наставни програми модуларно дизајнирани од реформирано четиригодишно техничко образование. Консултации за изготвување на стандарди и усогласени критериуми за оценување по модуларно дизајнирани стручни предмети. Континуирани обуки на наставниците организирани од училиштето за професионална надградба.

***II . Учества на натпревари и други проекти и обуки***

Во текот на учебната 2023/24 се организираа обуки, семинари за наставниците како и презентации и натпревари на коиземаа учество ученици од III и IV година.

- За време на учебната година, наставниците следеа обуки преку БРО. По завршувањето на првичните обуки, наставниците од активот се состанаа во училиштето и направија дисеминација
- Учество на наши ученици на натпревари на училишно , општинско , регионално и државно ниво и освоена трета награда на државно ниво на ученик од отсекот по предметот биологија
- Реализиран проект преку Ерасмус + програмата во кој земаа учество две наши ученички од втора и трета година со одговорен наставник Маја Филиповски, при што

беше организирана посета на гимназијата Curt Nicolin Gymnasiet во градот Финспанг, Шведска. Проектот помина во духот на прекрасното и топло гостопримство, позитивната атмосфера, перфектната организација, незаборавното дружење со кое градиме нови и ги одржуваме старите пријателства. Проектот е од особено значење за нашето училиште, начин за размена на искуства и подобрување одредени сегменти од нашето образование. Воедно искуствата од овој проект вродија идеа за нова соработка во рамките на отсекот забен техничар со ова училиште , со што во многу технички сегменти би се подобрила работата на нашиот отсек.

- Со таа цел од страна на наставник Маја Филиповски беше изработен и аплициран нов проект за соработка на нашиот отсек со ова училиште во рамките на Ерасмус + програмата со конкретна тема Компјутерски дентален дизајн, за кој сеуште немаме добиено одговор дали е одобрен.
- Возвратна посета на ученици од Curt Nicolin Gymnasiet, Финспанг, Шведска,  на нашето училиште во која како домаќини повторно зедоа учество ученици од нашиот отсек со одговорниот наставник Маја Филиповски, при што беа реализирани бројни посети на медицински установи, стоматолошки факултет, предавање од реномиран професор од медицински факултет Проф.Д-р Златко Јаќовски на тема Форензика , посета на дом за стари лица, геронтолошки завод, како и посети на културно историски зданија и музеи.
- Размена на проекти помеѓу класови од трета година во отсекот забен техничар на стручни теми, изработени од наши ученици со цел нови искуства и проширени знаења надвор од наставната програма.
- На покана на колешки од Средно заботехничко училиште од Сараево, Р. Босна и Херцеговина како партнер училиште, беше изработен и аплициран заеднички проект за соработка во рамките на Рико програмата Super Schools од страна на нашите наставници Жана Чингоска, Александра Милошевска и Маја Филиповски. За истиот се чека одобрување и се надеваме на реализација за наредната учебна година.
- Проект од ученици од трета година за еколошка акција и чистење и уредување на училишниот двор
- Учество на наши ученици во бројни проекти во рамките на Ерасмус + програмата
- Во однос на натпревари, оваа година имаше ученици кои го претставуваа училиштето на МАССУМ 2024 на кој оваа година домаќин беше град Радовиш.

Анализа на постигнатиот успех на учениците од отсекот забни техничари по стручните предмети (теоретски и практични).

Распределба на часови по стручни  предмети за предметни наставници од актив на забни техничари

Записничар и Претседател на Актив

Маја Филиповски

**Извештај за работата на Стручниот актив на фармацевтите во учебната 2023/24**

Стручниот актив на фармацевтите при СМУГС "Д-р Панче Караѓозов" во учебната 2023/24 година го сочинуваа дипломираните фармацевти: Диневска Анита, Динева Василка, Јаковчевска Јасмина, Димитровска Сања, Арбенеша Јахиу и Флореша Села и Фармацевтски лабораториски техничар – Наумоска Савица.

Во текот на учебната година Стручниот актив на фармацевтите функционираше преку постојани неформални средби, како и со одржување на формални состаноци. Редовните консултации, сугестиите и размената на искуства помеѓу колегите, придонесоа за квалитетна теоретска и практична настава. Особено беа корисни усогласените критериуми за оценување и корелацијата на наставните содржини со посебен акцент на корелација помеѓу теоретската и практичната настава. Колегите взаемно соработуваа и при изготвување на тестови за оценување на знаењата на учениците.

Оваа учебна година во отсекот е третата генерација на парцијално дуална паралелка за учениците од трета година - фармацевтски техничар во фармацевтска индустрија во соработка со Алкалоид, МОН и Центарот за средно стручно обрзование. Наставниот предмет учење преку работа кај работодавец за оваа паралелка во текот на целата учебна година се обавува во Алкалоид во секторите контрола на лекови, истражување и развиј и производство, каде учениците имаа ментори од компанијата и професорките Василка Динева и Јасмина Јаковчевска одговорни за учениците од четврта година и Диневска Анита и Димитровска Сања за учениците од трета година.

- Стручниот актив, односно сите членови

- изготвува прашања за интерниот дел од државна матура.
- беа ментори на ученици од IV година за подготовка на проектни задачи, како дел од државната матура.
- беа во комисии на одбрана на проектни задачи за државна матура

- Оваа учебна година членовите на активот беа на следните обуки
    - On-line обука Selfie for teachers - Мотивација на работното место– Јасмина Јаковчевска, Василка Динева, Арбенеша Јахиу, Флореша Села.
    - обука на тема „Дигитални вештини кај наставниците во функција на наставата“ .– Јасмина Јаковчевска, Анита Диневска, Сања Димитровска, Василка Динева, Арбенеша Јахиу, Флореша Села.
    - обука на тема „ Современи педагошки пристапи за подобро стручно образование и образование на возрасни“ .– Јасмина Јаковчевска, Анита Диневска, Василка Динева

- За претставување на училиштето на МАСУМ Јасмина Јаковчевска беше претставник од отсекот задолжена за штандот за отсекот фармацевтски техничар.

- Василка Динева и Анита Диневска беа претставници од активот на презентација на ПЗУ Зегин со ученици од четврта година

- Василка Динева, Јасмина Јаковчевска и Анита Диневска беа претставници од активот на презентација на Алкалоид со ученици од втора и четврта година

- Василка Динева со учениците од четврта година беа во веледрогеријата Еурофарм

- Василка Динева и Јасмина Јаковчевска, беа на отворен настан за родителите и за учениците од парцијално дуална паралелка во Алкалоид, За време на настанот родителите имаа можност да се запознаат и со кариерните можности што ги нуди компанијата на нивните деца, како и со можностите за развој во нивната натамошна кариера во рамките на „Алкалоид“ АД Скопје.

Стручниот актив на фармацевтите успешно соработуваше и со другите стручни активи од нашето училиште.

- Успешна соработка Стручниот актив на фармацевтите имаше со здравствени установи, фармацевтски компании- особено Алкалоид, аптеки и други институции во кои учениците ја обавуваат професионалната пракса во рамките на практичната настава во текот на годината.

Стручниот актив на фармацевтите соработуваше со ученците и со родителите, а имаше и дополнителна настава за учениците со слаби резултати, со што им се помогна да ја совладаат наставната материја, како и додатна настава со талентираните ученици.

При евалуација на работата на Стручниот актив на фармацевтите за оваа година, може да се забележи дека овој Актив континуирано го унапредуваше воспитно-образовниот процес во нашето училиште. Сепак, дел од планираните активности не беа реализирани (посети на некои установи или институции), па се очекува некои од нив да имаат приоритет во следната учебна година.

Претседател на актив фармацевти
Динева Василка

## Извештај за работата на Активот на лекари при СМУГС „ Д-р Панче Караѓозов“, за учебната 2023/2024 година

Активот на лекари, при СМУГС Д-р Панче Караѓозов, во учебната 2023/24 година ги оствари следниве активности според предвидениот акциски план:

- Изработка на годишни, тематски и дневни подготовки за настава, според наставните програми по стручни предмети (со планирање на еко стандарди, критериуми за оценување по модуларни единици, примена на ИКТ во наставата и МИО);

- Изработка на планови за дополнителна и додатна настава, според потребите на учениците;

- Изработка на професионално досие за сите наставници од активот (индивидуална активност);

- Спроведување на активностите предвидени со плановите и програмите за редовна, додатна и дополнителна настава;

- Водење на документација и евиденција;

– Водење на електронски дневник;

– Организирање и водење на практична настава и феријална пракса;

– Соработување со здравствени установи и организации (деловни партнери и соработници);

– Соработување со родителите и стартелите на учениците, преку одржување на родителски средби и состаноци;

– Соработување со Младинската организација и учениците, за подобрување на училишната клима и постигнувањата на учениците;

– Менторирање на наставници-приправници;

– Менторирање на матуранти за проектни задачи;

– Подготвување на прашања и тестови за интерен дел од Државна и Училишна матура;

– Консултирање со редовни и вонредни ученици за актуелни теми, настани и испити;

– Одржување на испити за вонредни ученици;

– Организирање и спроведување на матурски испити (бранење на проектни задачи, прегледување и оценување на тестови од интерен дел на Државната и Училишната матура);

– Ангажирање на наставници од активот како тестатори, изготвувачи на прашања и оценувачи на тестовите за екстерен и интерен дел од Државната и Училишната матура;

– Ангажирање на наставници од активот пописни комисии;

– Ангажирање на наставници од активот во комисии за елсктонско запишување и прием на документи во прва година за учебна 2023/24 година;

– Одржување на дополнителна настава за ученици упатени на поправен испит и или испит на годината;

– Одржување на поправни испити и испити на годината;

- Спроведување на воннаставни активности: посета на здраствени установи и институции (Институт по анатомија, Институт по хистологија со ембриологија, Институт по физиологија ии антропологија, УК по трансфузиона медицина, УК по пулмологија со алергологија), воспитно образовни екскурзии со ученици, организација на хуманитарни акции и предавања, учество во проект ЕРАСМУС, посета на изложби (слики во прилог);

– Учество на МАССУМ, во смисла менторирање и подршка на учениците, што овозможува афирмација на поединецот и училиштето (слики во прилог);

– Рецензирање на учебници по стручни предмети;

– Учество во обуки (Зголемување на атрактивноста, инклузивноста и релевантноста на стручното образование и образованието за возрасни, Selfie for teachers – анкета за самоценување, Дигитални вештини кај наставниците во функција на наставата“);

– Вреднувања на постигања и оценување на резултатите од учење- Охрид - септември 2023

–
– Превенција и сузбивање на зависности - Фондација Никола Кљусев, Скопје -
– Справување со стрес на работно место - ноември 2023
–
– Едукативен Центар "Советувалиште за хумана соработка"- октомври 2023
–
– Современи педагошки пристапи за подобро стручно образование и образование на возрасни - јануари 2024
–
– Андрагошка обука - Зголемување на атрактивноста , инклузивноста, релевантноста на средните стручни училишта и образованието на возрасните - Велес, март 2024.
– Давање сугестии и забелешки за подготовка на акционен план за работа за учебната 2023/2024 година.

Институт Хистологија со ембриологија
при Медицински факултет - Скопје



Mladi hub - Emergency Medicine




УК Трансфузиона медицина - Скопје




Посета на Wester Balkan University во Тирана



Организација на предавање – „Обновлив развој"



Учество во симпозиумот "Улога на жените во медицина"



Erasmus – проект




Промоција на стручни училишта





| | |
|---|---|
| “Фестивал на здравјето“ организирано од Град Скопје  | Национална Галерија “Музика и медицина”  |
| Прво место МАССУМ – Драмска претстава  | Хуманитарна претстава во ПТТ – Владо Тасевски  |
|  | Промоција на стручни училишта  |

Скопје:
19.06. 2024 год.

Претседател на Активот на лекари:
Д-р Билјана Ефремова

## Реализација на програмата на актив медицински сестри за 2023/2024

- **Септември 2023**
  - Реализирани сите предвидени активности кои се однесуваат на работата на активот (точка 1-5) од страна на целокупниот актив (сите членови)
  - ***“Одбележување на ден на контрацепција и контрацептивни сретства и методи”*** – Соња Митевска и Елена Димитриевска со група ученици





***Сл 1. Одбележување на ден на контрацепција и контрацептивни сретства и методи"*** – Соња Митевска и Елена Димитриевска со група ученици

- **Октомври/Ноември 2023**
- Реализирани сите предвидни активности кои се однесуваат на работата на активот ( точка 1- 3) од страна на целокупниот актив (сите членови)
- Одбележување на меѓународен ден на менталното здравје – Едлира Дестани со ученици од 4/6 мс

- ***Сл.2 и 3 Одбележување на меѓународен ден на менталното здравје – Едлира Дестани со ученици од 4/6 мс***
- Реализиран проект и соработка од 2.11.2023 до 5.11.2023 со "***Медипол Универзитет Хастанеси"- Истанбул*** – Мелиха Умер со група ученици





***Сл 4 и 5. Проект: Медипол Универзитет Хастанеси- Истанбул***

- Соработка со ЗМСТАМ:

X Регионална конференција "***Градење на капацитети н силен глас на медицински сестри и акушерки. Грижа за работната сила" – 24.11.2024 –*** Билјана Чибишева, Нина Кнаггс, Бехије Селими и Ресмие Чилафи

- **Декември 2023**
  - ***Обележување на неделата за борба против сида*** – Нина Кнаггс
  - Хуманитарна акција ***" Насмевка за сите"*** 10-31.12.2023 – Мирадије Фејзулаху
  - Посета на Клиника за Детски Болести по повод новогодишни празници – Сунчица Ивановска, Мелиха Умер

- **ФевруариМарт 2024**
    - Реализирана посета на шведски студенти/ученици од шведстата гимназија – Нина Кнаггс и Соња Глигуровска
    - Хуманитарна акција во средно училиште "Ѓорѓи Димитров" за Леонид Индов – Мирадије Фејзулаху

- **Април/Мај 2024**
    - Средба со претседателот на сестринска комра на Хрватска по покана од ЗМСТАМ-04.4.2024 - Мирадије Фејзулаху
    - **Прв симпозиум друштво на офталмолошки сестри** "*Нови перспективи во офталмологија*" – 11.04.2024 – Сунчица Ивановска
    - **МАССУМ –** Мирадије Фејзулаху и Зумрете Јакупи 10.05.2024
    - **Обележување на меѓународна недела на сестринството** 10-11.05.2024 – Сунчица Ивановска и Нина Кнаггс
    - Саем на средни училишта на Град Скопје – промоција на училиштето 17.05.2024 Мирадије Фејзулаху и Зумрете Јакупи
    - **Нови перспективи во геријатрија и палијатива**, тема: "*Артериски крвен притисок, мерење, бележење и давање хигиенодиетески совети на возрасна популација*" 23.05.2024 Нина Кнаггс
    - **Подготовка за феријална пракса – актив медицинска сестра**

***Сл 6. Прв симпозиум друштво на офталмолошки сестри***






***Сл 7. Обележување на меѓународна недела на сестринството***



**Сл 8. *МАССУМ'2024***



***Сл 9. Саем на средни училишта на Град Скопје – промоција на училиштето***

- **Јуни/Јули**
- **Симпозиум на тема Стерилизација** *“ Образовен процес на идните медицински* сестри *“* Охрид 14-16.06.2024 – Соња Глигуровска






- Изработка на распределба на часови за учебна 2024/2025 година – учество на цел актив
- Изработка на програма на актив за 2024/2025 година – учество на цел актив
- Следење на феријална практика – учество на цел актив

## Извештај за работата на Активот на општествена група предмети во учебната 2023/2024 година

Активот на општествена група предмети во учебната 2023/2024 година ги реализираше следниве активности според предвидената програма:

| За сите предмети |
| --- |
| • Изработка на годишни, тематски и дневни подготовки за настава, според наставните програми по предметите: историја, музичка култура, ликовна уметност, граѓанско образование и психологија<br>• Изработка на планови за дополнителна и додатна настава<br>• Спроведување на активностите предвидени со плановите и програмите за редовна, додатна и дополнителна настава<br>• Водење на педагошка документација и евиденција<br>• Водење на електронски дневник<br>• Менторирање на матуранти за проектни задачи<br>• Одржување на редовни консултации со редовни и вонредни ученици за актуелни теми, настани и испити<br>• Одржување на испити за вонредни ученици |

- Организирање и спроведување на матурски испити (бранење на проектни задачи, прегледување и оценување на тестови од интерен дел на државната и училишната матура)
- Соработување со родителите и старателите на учениците, преку одржување на родителски средби и состаноци
- Присуство на обуки организирани од страна на училиштето согласно Годишниот план на училиштето

**Предмет:** Музичка култура
**Професор:** Лидија Пшенко

| Активност | Место | Дата |
|---|---|---|
| Концерт на училишниот бенд „ Тотална протеза “ со хуманитарен карактер<br>Во состав<br>Виктор Ѓорѓиев<br>- вокал и гитара<br>Дина Дучевска<br>- вокал и гитар<br>Матеј Пешевски<br>- електрична гитара<br><br>Мелани Пешевска<br>- бас гитара<br>Леонид Манасиевски<br>- бубњеви<br>Средствата кои ќе бидат донирани и од влезниците се наменети за лекување на Леонид Индов | СУГС„Владо Тасевски“ | 06.10.2023 |
| Традиционално сме дел од хуманитарната трка која ја организира невладината организација за поддршка на лицата заболени од Вилсон. Цел на настанот е да дадеме поддршка на лицата со ретки болести. Одговорни наставници Лидија Пшенко и Биљана Стефановска, Учесници беа поголема група на ученици : Едно од првите места на трката го освои нашиот ученик Бенјамин Факиќ | Градски парк | 08.10.2023 |
| Концерт на училишниот бенд „ Тотална протеза “ со хуманитарен карактер. Средствата кои ќе бидат донирани и од влезниците се наменети за лекување на Леонид Индов | Кафуле на Македонска филхармонија | 14.10.2023 |
| Група на ученици (150) присутни на Балетска претстава „Есмералда“ - од Чезаре П | Национална опера и балет | 04.11.2023 |
| Група на ученици (100) присутни на Опера „Кармен“ - Жорж Бизе | Национална опера и балет | 01.12 2023 |
| Изведба на наградената драмска претстава „Исти“ на МАССУМ 2023 во хуманитарни цели. | СУГС „Владо Тасевски“ | 05.12.2023 |
| По повод Новогодишните празници во период од 10.12 до 30.12.2023, традиционално во училиштето се реализираат активности со хуманитарни цели. Собраните средства беа наменети за новогодишни пакетчиња и за лекување на Леонид | СМУГС „ Д-р Панче Караѓозов“<br>-Свечена сала | 10.12 - 30.12 |

| | | |
|---|---|---|
| Индов. 1 Изработка на новогодишни честитки 2 Новогодишен штанд 3 Симболична продажба на истите 4.Посета на дечињата од детската клиника.5.Новогодишен концерт со училишниот бенд | | |
| Повеќечасовна АУДИЦИЈА за избор на таленти во пеење, свирење, класичен и модерен танц, хип хоп, народни танци.......... | СМУГС „ Д-р Панче Караѓозов“<br>-Свечена сала | Декември 2023 |
| Група на ученици присутни на опера Кавалерија рустикана( Селска чест) - од Пјетро Маскањи | Национална опера и балет | 26.01.2023 |
| Група на ученици (200) Балет - Оревокршачка од П.И. Чајковски | Национална опера и балет | 30.01.2024и 31.01.2024 |
| Учество на училишниот бенд „Тотална протеза“ како гости на патрониот празник на СУГС „ Владо Тасевски“ - Скопје | Кино Фросина -сала МКЦ | 19.03.2024 |
| Група на ученици (100) присутни на балетска претстава „Лебедово езеро“ | Национална опера и балет | 05.04.2024 |
| Активноста ПРОМОЦИЈА НА СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА во организација на Град Скопје.На нашиот штанд (куќичка на Плоштад)присуствуваа истите наставници од МАССУМ кои беа задолжени со група ученици да го претстават училиштето пред посетителите и да ги информираат за паралелките и уписот оваа година | Плоштад Македонија | Повеќе часовна активност 17 - 18.05 2024 |

Покрај овие активности талентираните ученици учествуваа во училиштето на аудиции, дебати, работилници,

Покрај овие активности талентираните ученици учествуваа во училиштето на аудиции, дебати, работилници,.....













**Предмет:** Музичка култура
**Професор:** Беким Дургути

Оваа учебна година започна и помина во најдобар ред според планпрограмата,што поред тоа реализацијата течеше со добра динамика,прилагодена на условите и потребите за непречено работење.
Што се однесува до работата во оваа редовна годишна програма 2023/2024, програмата е реализирана,а учениците се оценети.Во овие класови што предавам генерално има ученици со добар успех не постојаат одредени потешкотии во словадување на матерјалот од нивна страна но се разбира има ученици што се со среден успех.
Некои ученици тешко фаќаат приклучок се гледаа дека има празнини и пропусти од матерјалот кој се учи до 9 одд.Во ова насока дополнителен проблем е немањето учебници и нагледни сдрества,кои ја отежнуваат работата,заради што одвреме на време бев принуден да импровизирам.Сепак во наставата користевме матерјали,музички инструмент кои јас како професор според план програмата работевме за музичка историја ,фолклор и друго,кои на учениците им беа достапни преку мое лично залагање.Со ова ,даваа добри резултати,што е видливо во просекот.
За подобрување на успехот,потребни се повеќе фактори и како прв фактор во огромна мерка недостасува соработката со родителите,кои доколку повеќе би се ангажирале,би можеле да очекуваме по високи резултати во ова учебна година.

**Предмет:** Ликовна уметност
**Професор:** Катарина Ристовски

Во текот на оваа учебна 2023/24 година, планот и програмата беа реализирани во целост како и реализацијата на наставните часови, Наставните содржини се реализирани, во најголем процент преку ликовно-творечка работа на учениците, и со вклучување на стратегии во наставниот процес, чии резултати се приложени во дневните подготовки за наставните содржини.
Во месец октомври 2023 година беше реализирана изложба “Young art 2023“ во организација на Агенцијата за млади и спорт, на која учествуваа ученици со ликовни творби.
Во месец март 2024 година со ученички ликовни творби се учествуваше на ликовниот конкурс на XV Младински пролетен салон на тема: “Мал формат“ во организација на Националната галерија на Македонија – Мала станица.
Во наставата се реализирани и планираните часови од ЕКО проектот.
Во текот на учебната година соработката со другите предметни наставници и класните раководители се одвиваше континуирано, со цел да се подобри квалитетот на наставата како и да им се помогне на учениците подобро да ги совладаат наставните содржини и проблемите со кои се соочуваа во текот на наставата при реализирање и решавање на ликовните проблеми.

**Предмет:** Граѓанско образование
**Професор:** Никола Стојаноски

| Активност | Цели | Време на реализација | Носител на активноста |
|---|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| Менторирање – НЕ за насилство, Фондација Никола Кљусев | Работилница за менторирање на училишен тим за спречување на врсничко насилство | 17.10.2023 | Никола Стојаноски |
| Вовед во средношколкоското учество и наградата најГЛАСни, ЛЕАД | Обука за одговорни наставници на Ученичка заедница | **26.09.2023** | Никола Стојаноски |
| Еколошка акција за чистење на училишниот двор | Организатор на акција за чистење на училишниот двор | Ноември 2023 | Никола Стојаноски |
| Посета на Собранието на Република Северна Македонија со група ученици од прва година | Запознавање со работата на Собранието | 26.01.2024 | Никола Стојаноски |
| Современи педагошки пристапи за подобро стручно образование и образование на возрасни, WeGlobal | Учество во обука за стекнување со нови знаења за Современите педагошки пристапи | 15.01 и 18.01.2024 | Никола Стојаноски |
| SELFIEforTEACHERS самооценување, by European Training Foundation (ETF) in partnership with the Joint Research Centre of the European Commission, the Ministry of Education and Science and the Bureau for Development of Education of North Macedonia | Учество во истражување | Април, 2024 | Никола Стојаноски |
| Обука на тестатори, ДИЦ | Обука за тестатори на државна матура | 29.05.2024 година | Никола Стојаноски |

**Предмет:** Историја
**Професор:** Лидија Лепчевска, Валентина Стаменковиќ, Невенка Јовановска, Кенан Исени

По потпишувањето на меморандум за соработка помеѓу СМУГС „ Д-р Панче Караѓозов“ и невладината организација Мировна акција – Прилеп, наставниците Валентина Стаменковиќ и Кенан Исени пристапија кон реализација на мултиетничкиот проект Скопје низ минатото. Во проектот беа вклучени 16 ученика по 8 ученика од македонски и албански наставен јазик. Од нив 14 беа ученички и 4 ученици.

Целта на проектот беше изградба на мостови на соработка и меѓусебна доверба. Проектот беше реализиран преку три активности.

Првата активност ја реализиравме на 02.10.2023 год. Целта беше запознавање помеѓу учениците и меѓусебно дружење и при што ја применивме техниката „Продолжи ја мислата“

Втората активност ја реализиравме на 14.10.2023 год. Целта запознавање со минатото на град Скопје и истата беше именувана „Јас како турист“. Беа посетени следните локалитети и музеи: Мустафа Пашина џамија, Меморијалниот центар на холокаустот на Евреите од Македонија, Музејот на македонската борба за

самостојност, Спомен куќата на Мајка Тереза, Музејот на Град Скопје и Манстирот на Пресвета богородица во Матка.
По завршувањето на втората активност учениците беа поделени во парови по еден ученик од македонски и албански наставен јазик и добија задача заедно да истражуваат за следните знаменитости и личности: Тумба Маџари, Скупи, Скопско Кале, Камени мост, Старата Скопска чаршија, Скопскиот земјотрес, Мајка Тереза и Гоце Делчев.
Ја реализиравме третата активност.
По завршеното истражувања беа изработени четири паноа кои беа поставени во холот на училиштето. На 06.11.2023 год. 8 пара ученици по еден од македонски и еден од албански натавен јазик кои заедно работеа имаа за задача истражувањето да го претстават пред нивните презентиран и на албански наставен јазик. соученици и наставници. Прво текстот го презентираше уеникот на македонски наставен јазик, а потоа истиот текст беше презентиран и на албански наставен јазик.
2.Во периодот од 25 – 26 Нември 2023 учество во роект „ Историја која што се уште не е Историја во организација на АНИМ
Носители на активностите Кенан Исени и Валентина Стаменковиќ.
Изработка на тестови за државна матура.
Ментори на ученици за проектни задачи – Лидија Лепчевска, Валентина Стаменковиќ, Невенка Јовановска

.

| | |
|---|---|
|  |  |
|  |  |



| **Предмет:** / Содржини програмирани од училиштето<br>**Професор:** Ацо Ѓоргиевски |
|---|
| - Учество на третитот едукативен саем за воздухопловство АВИКОН во Градски парк на 25.10.2023<br>- Учество на работилница „Запознавање со законот за заштита на потрошувачите“, со двајца ученици од трета година, на 08.11.2023 во Клуб на пратеници<br>- Реализиран проект во трета година БИПО – за професионална ориентација на млад, април 2024 |

| **Предмет:** Содржини програмирани од училиштето<br>**Професор:** Соња Илиева |
|---|
| ПРЕДМЕТ: Содржини програмирани од училиштето<br>НАСТАВНА ПРОГРАМА: Планирање на кариера за II година<br>ПРЕДМЕТЕН НАСТАВНИК: Соња Илиева<br><br>Во текот на учебната 2023/2024 година наставниот план и програма од предметот во целост беа реализирани.<br>Целите на наставната програма се во насока учениците да се оспособат:<br>- Разликува професионален од кариерен развој;<br>- Планирање на кариера;<br>- Развивање на визија за личен кариерен развој;<br>- Развива сопствен индивидуален кариерен план;<br>- Дефинира јасни кариерни цели;<br>- Изработува сопствена SWOT анализа;<br>- Пишува мотивационо писмо за конкретно работно место;<br>- Изработува сопствено CV;<br>- Истакнува значење на интервју за работа;<br>- Идентификува извори на информации за слободни работни места;<br>- Идентификува занимања кои нудат најголеми можности за вработување со завршено средно и високо образование;<br>- Истражува високо образовни институции каде може да го продолжи образованието во Р. С. Македонија и надвор од неа;<br>- Изработка на сопствен план за активно барање на работа.<br>Дел од наставата во периодот од 06.11 до 28.11 2023 година беше реализирана групна посета во осигурителната компанија “VIENNA INSURANCE GROUP” - Македонија Осигурување од над 100 ученици од смеровите: МС, ЗТ, |

ФЗТ и ФТ, вкупно 10 класови.
Презентациите се одиваа во помали групи ученици заради технички причини и истите беа реализирани во пријатна деловна атмосфера.
Учениците беа запознаени со процесот на работење, организационата поставеност, предметот на работење, видовите на производи што се нудат на клиентите на осигурителниот пазар како и видовите професии (лекари, инжинери, економисти, правници, фармацевти и др.) кои се присутни во компанијата.
Презентацијата, учениците ја следеа со особен интерес и внимание, зедоа активно учество преку поставување на повеќе прашања за кои добиваа исцрпни одговори од присутните предавачи. Исто така, учениците изразија желба за реализација на нови посети во нашите институции и компании како би се стекнале со нови информации кои ќе им бидат полезни во развојот на својот едукативен процес и планирање на својата кариера.



**Извештај за работата на стручниот актив на природно-математичките предмети во учебната 2023/24 година**

Активот на природно-математичките предмети го сочинуваат следниве подактиви:

- Подактив по биологија
- Подактив по хемија
- Подактив по физика
- Подактив по математика
- Подактив по информатика

Во учебната 2023/24 година активот ги реализираше следниве активности:

| *месец* | *активност* | *реализатори* |
|---|---|---|
| 09 | • Меѓусебни консултации за успешна реализација на наставата | • Сите подактиви<br>• Сите подактиви |

| | | |
|---|---|---|
| | • Обука организирана од страна на СМУГС „Д-р Панче Караѓозов" - Вреднување на постигања и оценување на резултатите од учење, Охрид 02 – 03.09.2023<br>• Менаџирање на однос со родители – LEAD , 28.09.2023 | • Емилија Бошковска-Живадиновиќ |
| 10 | • Учество на „ПОДАЈ РАКА 2024 - Хумантитарна трка за лицата со Вилсон"<br>• Обука организирана од страна на СМУГС „Д-р Панче Караѓозов" - Справување со стрес на работно место , Едукативен Центар „Советувалиште за хумана соработка", Крушево 21 – 22.10.2023<br>• Заштита на приватноста во дигиталната ера: во потрага по заеднички решенија - Метаморфозис, Конект, ЕУ за тебе, 19.10.2023 | • Биљана Стефановска<br>• ученици<br>• Сите подактиви<br>• Емилија Бошковска - Живадиновиќ |
| 11 | • Превенција и сузбивање на зависности - Меморијален центар Фондација „Никола Кљусев" | • Емилија Бошковска - Живадиновиќ<br>• Нада Пецуровска |
| 12 | • Консултации со ученици за поуспешна изработка на проектните задачи<br>• Учество на Хемиски спектакл – ПМФ, Институт за хемија, 14.12.2023<br>• Активности по повод проектот со хуманитарна цел „Насмевки за сечие лице"<br>✓ Изработка на новогодишни честитки<br>✓ Симболична продажба на истите<br>✓ Купување новогодишни пакетчиња<br>✓ Посета и делење новогодишни пакетчиња | • Сите подактиви<br>• Неше Салих<br>• Ученици од I, II и III година<br>• Биљана Стефановска<br>• 40 ученици |
| 01 | • Разгледување на успехот и постигањата на учениците во првото полугодие<br>• Современи педагошки пристапи за подобро стручно образование на возрасни | • Сите подактиви<br>• Нада Пецуровска – дисеминатор<br>• Сите подактиви |

| | | |
|---|---|---|
| 02 | • Можностите на вештачката интелегенција: Апликациите на ВИ го трансформираат образованието - TruthTech – Медиумска писменост во ерата на ВИ, 21.02. 2024<br><br>• Меѓународен симпозиум „Медиумската писменост во добата на вештачката интелигенција: проширување на границите на возможното“ - Институт за комуникациски студии ИКС, 29.02.2024, Скопје (хотел Лимак) | • Емилија Бошковска-Живадиновиќ<br><br>• Емилија Бошковска-Живадиновиќ |
| 02 - 05 | • Учество на општински, регионални и државни натпревари организирани од<br>  ○ акедонско биолошко друштво<br>  ○ Сојуз на хемичарите и технолозите на Македонија | • Виолета Јовевска<br>• Елена Јакимовска<br>• Елизабета Сарафимова<br>• Мервон Бакиу<br>• Сузана Тасевска<br>• Ели Спиркоска Данева |
| 04 | • Разгледување на успехот и постигањата на учениците во третото тромесечие | • Сите подактиви |
| 05 | • Учество на МАССУМ (10 - 11.05.2023 Радовиш)<br>•<br><br>• Промоција на средни училишта на Град Скопје - 17-18.05.2024 година | • Емилија Бошковска-Живадиновиќ<br>• Неше Салих<br>• ученици<br><br>• Емилија Бошковска-Живадиновиќ<br>• Неше Салих<br>• ученици |
| 06 | • Разгледување на успехот и постигањата на учениците на крајот на наставната година<br><br>• Предлог активности за креирање на план за работа за учебната 2024-2025<br><br>• Реализација на државна матура | • Сите подактиви<br><br>• Сите подактиви<br><br>• Сите подактиви |
| 08 | • Изработка на план за работа за учебната 2024-2025 година | • Сите подактиви |

Претседател на Актив на природно-математички предмети
Емилија Бошковска-Живадиновиќ

**Извештај за работата на Активот на мајчин јазик во учебната 2023/2024година**

Во текот на учебната 2023/24 година, Активот на мајчин јазик ги одржа состаноците предвидени со Годишната програма. На секој од состаноците на Активот, се дискутираше според претходно поставен дневен ред најчесто од информативен карактер. На состаноците на активот е дискутирано и за планираните активности со годишната програма за активот:

- Искуства од модуларните програми
- Содржината на наставниот материјал во сите четири години според понудените наставни програми
- Организирање на воннаставните активности за нивно реализирање
- Одбележување на месецот на книгата (посета на книжарници или организирање на литературно читање во нашиот центар со покана на омилен писател)
- Посета на театарска претстава (интерпретација по улоги)
- Учество на натпревари, конкурси
- Соработка со предметните наставници
- Следење на културни настани
- Подготвување на приредби
- Посета на семинари
- Посета на Саем на книгата
- Посета на часови на колегите за размена на искуства
- Соработка со другите активи
- Подготовка за матура и завршен испит
- Список на лектири и заложба за збогатување на библиотека во нашето училиште
- Изработена е и усвоена годишната програма за учебната 2024/2025 година која ќе биде поднесена до стручните служби и според која ќе почне да се работи со почетокот на наредната учебна година.
- Договорени се активности на почетокот на учебната година секој професор да изготви соодветно годишно и тематско планирање.

***Претседател на Активот за мајчин јазик во СМУГС „Д-р Панче Караѓозов“,***
***Деница Козовска-Михаиловска***

## 7. Екскурзии

За учениците од четврта година беше реалзирана екскурзија во месец април 2024 година

Целокупната постапка за реалзиција на екскурзијата е спроведена согласно Правилникот.

Програмата која беше избрана опфати запознавање со културното наследство на Словачка, Австрија и Унгарија

Екскурзиите се одвиваа со следната агенда: 1 Ден. Скопје –Братислава 2 Ден. Пристигнување во Братислава и разглед на градот со локален туристички водич: средовековниот плоштад со Роландовата Фонтана, Михалската порта, Градското собрание, катедралата Св.Мартин, Словачкиот народен театар, барокната палата каде Моцарт ги изведувал своите дела, палатата Паули во која Франц Лист го одржал својот прв концерт .Сместување во хотел.Слободно време за одмор.Вечера.Ноќевање. 3 Ден. Братислава-Виена-Будимпешта Пристигнување во Виена и разглед на градот со локален водич: Операта, Палатите на дворецот Хофбург, Парламентот, Градското собрание, Рингштрасе, дворецот Белведере, катедралата Св.Стефан и Стефанплац.По завршување на разгледот на градот упатување кон Будимпешта.Пристигнување во Будимпешта и сместување во хотел. 4 Ден. 3 разглед на Будимпешта со локален водич: Плоштадот на Хероите, Парламентот, улиците Андраши и Ракочи, катедралата Св.Стефан, мостовите на Дунав, Кралската палата, Цитаделата, Рибарската тврдина.Прошетка по улицата Ваци.Крстарење со брод по Дунав. 5 Ден. Будимпешта-Скопје со посета на зоолошката градина,Дворецот Вајдахунијад и шопинг центарот Арена.

За учениците кои не заминаа на екскурзијата, наставата се одвиваше редовно.

## 8. Соработка со родители

Родителите се вклучени во работата на Училиштето преку Советот на родители и на Училишниот одбор, како форми кои се утврдени со Законот за средно образование. Може да се нагласи дека училиштето ја прифаќа поддршката од родителите кои самоиницијативно сакаат да се ангажираат и да придонесат за унапредување на училишната клима.

Соработката со родителите се реализираше со нивна вклученост во сите сегменти на наставно-воспитниот процес преку индивидуални средби и родителски средби.

Во текот на учебната година беа организирани редовните родителски средби на кои родителите беа запознати со работата на училиштето и актуелни пректи и активности. Состаноците на Советот на родители се одржуваа во просториите на Училиштето, според точките од Дневниот ред и Програмата за работа.

## 9. Извори на финансирање

Средствата за финансирање на училиштето се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија. Средствата од Буџетот , Градот Скопје ги распределува по пат на блок дотации и наменски дотации на средните училишта за обезбедување на реализација на воспитно-образовниот процес, во согласност со утврдените стандарди и нормативи.

Училиштето стекнува средства и по основ на сопствени приходи од давање образовни услуги, на вонредни ученици, спроведување на проекти за образование на возрасни,

издавање под закуп на делови од училишната зграда и други основи утврдени со закон.

Средствата стекнати по основ на сопствени приходи се наменети за унапредување, осовременување и развој на дејноста на училиштето.

**10. Соработка со медиуми**

Училиштето својата комуникација со јавноста ја реализира преку повеќе форми, за кои во секоја прилика медиумите го имаат својот прилог.

Во рамки на одбележување 75 години простоење на Училиштето, беше изготвена пригодна видео промоција, достапна преку социјалните мрежи и други медиуми, Училиштето има континуирано развива сорабока со повеќе институции:

- Институции од областа на културата
- Институции од областа на образованието
- Невладини организации
- Спортски друштва
- Здравствени организации
- Меѓународна соработка

Август, 2024

извештајот го изготви
Валентина Костова Дамчевска